Марија Тошева Бранко Докузовски

# ОТВОРЕНА СКОПСКА СЦЕНА
## - извештај од истражување-

**ХОПС Опции за здрав живот**
Скопје 2005

Издавач: ХОПС - Опции за здрав живот
Капан Ан лок. бр. 3
1000 Скопје
Р. Македнија
Автори: Марија Тошева, Бранко Докузовски
Печат: Интеа Прес
Тираж: 500

Реализацијата на истражувањето и публикувањето на резултатите финансиски е овозможено од Фондацијата Институт Отворено Општество Македонија

Воедно авторите изразуваат голема благодарност до сите кои дадоа свој придонес со стручна помош, поддршка и трпение во процесот на подготовката и реализацијата на истражувањето.

CIP- Каталогизација во публикација
НУБ „ Свети Климент Охридски Скопје
316.64-053.6:343.545
ТОШЕВА Марија, ДОКУЗОВСКИ Бранко
Отворена Скопска сцена/Марија Тошева, Бранко Докузовски Скопје/ ХОПС Опции за здрав живот, 2005 72 страни, 20 цм

ISBN-9989-2265-1-2

**СОДРЖИНА**

1. Вовед / Основни информации за сексуалната работа..........…......................6

2. Основа на истражувањето …………………………………………………....11

3. Цел на истражувањето ……………………………………………………..12

4. Време и место на истражување …………..………………….........................13

5. Применети методи и техники во истражувањето …………………………...14

6. Примерок на истражувањето ………………………………………………..15

7. Истражувачки тим ……………………………………………………. ............15

8. Резултати од истражувањето ........................................................................16
   8.1. Основни демографски податоци за испитаниците..................................16
   8.2. Информираност за ХИВ, СПИ, безбеден секс.........................................23
   8.3. Клиенти на сексуалните работници ……...............................................27
   8.4. Макроа / Заштитници / Интимни партнери ……………………………...33
   8.5. Полиција ……………………………...…........................................39
   8.6. Дрога.........................................................................................................49
   8.7. Околина.....................................................................................................53
   8.8. КСР како ризична група во однос на трговија со луѓе ………………...58

9. Заклучоци.....................................................................................................65

10. Користена литература ………………………………………………………..70

# 1. Вовед /Основни информации за сексуалната работа

Отварањето на прашањето на сексуалната работа во секое општество претставува отварање на дебати за најразлични дилеми, табуа, предрасуди и различни искуства што вклучува различни пристапи и различни дефиниции за самата појава и актерите вклучени во истата.

Во најголем број заедници сексуалната работа се смета за општествено девијантна и неприфатлива појава, како таква се етикетира, стигматизира, и изолира, што предизвикува да цела една социјална група бива принудена да опстојува на маргините на општеството, надвор од системите за поддршка и заштита, и да притоа развива различи модели за опстанок, што подразбира и различни модели на ризично однесување.

Тргнувајќи од наведеното, во развојот на студии, програми и политика за сексуалната работа со цел една бројна општествена група да се врати назад во општеството, пред сé се тргнува од усвојување на речник и термини кои не стигматизираат и етикетираат, не се занимаваат со моралната страна на појавата, туку се сведуваат на опишување на реалните искуства и однесување.

“Сепак, треба да се забележи дека ниту еден термин адекватно не ги покрива различните спогодби кои се случуваат насекаде во светот, а се однесуваат на сексуалната работа. Така да најсоодветниот термин за именување на сексуалната работа треба да се извлече од локалниот контекст, односно од поднебјето каде се користи. Секако овие термини можат да се менуваат во согласност со еволуирањето на однесувањето.

Притоа приоритет се дава на оние кои самите се вклучени во сексуалната работа, на тоа како тие самите се перцепираат во таа улога и како тие ги дефинираат сопствените искуства.

Така терминот проститутка е заменет со сексуален/на работник/чка бидејќи самите лица вклучени во сексуалната работа го чувствуваат истиот како помалку стигматизирачки и велат дека истиот подобро ги опишува нивните искуства” (Сексуалната работа и ХИВ/СИДА, УНАИДС, 2002).

“Термините сексуална работа и сексуален работник всушност се “искoвани” од самите сексуални работници со цел да

го редефинираат комерцијалниот секс, не како социјална или психолошка карактеристика на една група жени, туку како приходна дејност или форма на вработување на жените и мажите. Како такво може да биде разгледувано како и другите форми на економска активност. Работната/економска перспектива на сексуалната работа е неопходна за внесувањето на истата во сите меинстрим дебати за човековите, женските и работничките права на локално, национално или интернационално ниво" ("Redefining Prostitution as Sex work on the International agenda", Jo Bindman, Anti - slavery International, 1997)

Што се однесува на дефинирањето на сексуалните работници како општествена категорија/група, исто така постојат различни пристапи и дефиниции, кои ставаат акцент на полот, возраста, дали е тоа повремена или постојана активност, дали е единствен извор на егзистенција и слично.

УНАИДС во извештајот "Сексуална работа и ХИВ/СИДА" од 2002, сексуалните работници ги дефинира како:

"Жени, мажи и трансексуалци кои добиваат пари или други материјални добра во замена за сексуална услуга, тоа го прават редовно или повремено, и кои можат но и не мораат таквите активности да ги дефинираат како едиснствен извор на егзистенција."

"Иако сексуалната работа е универзален и секаде присутен феномен, таа често е илегална, а со тоа и прикриена дејност. Тоа го отежнува детерминирањето на вистинската распространетост на сексуалната индустрија, иако е утврдено дека истата реално постои и се зголемува во последната деценија. Ова зголемување на сексуалната работа се поврзува со различни фактори, вклучувајќи ги политичките, граѓанските и социо-економски промени и зголемената мобилност на популацијата" (Сексуалната работа и ХИВ/СИДА, УНАИДС, 2002).

Не постојат релевантни и систематски истражувања за распространетоста на сексуалната работа во Македонија. Меѓутоа во јавноста врз основа на изјави на експерти и јавни медиуми се расправа за бројка од 2.500 до 3.500 сексуални работници, вклучувајќи ги и оние кои се присилени да нудат сексуални услуги односно можат да бидат идентификувани како жртви на трговија со луѓе.

Најголемиот дел од сексуалната индустрија во Македонија е концентрирана во западниот пограничен дел (Струга/шко,

Гостивар/ско, Тетово/ско) и Скопје, каде имаме најголема концентрација на ноќни барови и илегални бордели каде се нудат сексуални услуги. Во ваквите клубови престојуваат и работат лица кои доброволно, односно без принуда од трети лица се занимаваат со сексуална работа, но и лица кои се сексуално експлоатирани, односно можат да бидат идентификувани како жртви на трговија со луѓе.

Со оглед на засилените мерки кои ги презема Владата на Р. Македонија за елиминирање и сузбивање на трговијата со луѓе во Македонија преку засилен надзор на дозволите за работа на ноќните клубови и барови, дозволите за работа на странски државјани како и засилените активности на единиците на МВР на терен, се чини дека сексуалната индустрија се редуцира и стеснува, но информациите од терен кажуваат дека таа само се повлекува и прикрива преместувајќи го местото на делување. Доколку претходно се отвараа клубови и кафеани далеку од очите на полицијата, во тешко пристапните села во Тетовско и Гостиварско, сега секс бизнисот се сели во приватни куќи и станови, претежно во поголемите населени места каде во градскиот метеж потешко се идентификуваат сомнителни активности и движења.

Таквиот облик на организираност на сексуалната работа подразбира дека прикривањето од полицијата и законот, воглавно значи и прикривање и тешка достапност и за здравствените и социјални работници, така да најголемиот дел од комерцијалните сексуалните работници (во натамошниот текст КСР) кои работат во вакви услови остануваат надвор од здравствените и социјалните програми. (заб: Во Македонија со исклучок на програмата на ХОПС не постојат програми специфично дизајнирани за пристап кон КСР.)

Уличната сексуална работа како облик на организираност на сексуалната работа е многу помалку застапена во Македонија за разлика од претходно споменатата сексуална работа во затворени клубови и приватни станови.

Најголемата отворена (улична) сцена се наоѓа во Скопје, каде постојат и неколку помали сцени кои ја менуваат локацијата, додека во другите градови во Македонија отворените сцени се многу ретки, мали и со често движење и менување на локацијата што е фактор кој влијае врз воспоставувањето потрајни контакти

со лицата кои нудат сексуални услуги на отворено и развивање на специфични активниости насочени кон истите.

Отворените сцени се највидливиот облик на сексуална работа што остава можност за директен пристап до сексуалните работници и релативно полесно развивање на здравствени и социјални програми, меѓутоа затоа пак на отворените сцени воглавно се концентрирани лицата со најголем број здравствени, социјални и правни проблеми (низок степен на образование и информираност за сексуално и репродуктивно здравје, сексуално преносливи инфекции и заштита, висок степен на ризично однесување поврзано со употреба на дрога и алкохол, висок степен на насилство, стигматизираност, проблеми со лична документација и непрепознаеност во рамките на институциите и сл.)

Тргнувајќи од наведеното, во јануари 2000та година, ХОПС - Опции за здрав живот започна со имплементација на активности за превенција на ХИВ/СИДА и други сексуално преносливи инфекции (во натамошниот текст СПИ) помеѓу лицата кои нудат сексуални услуги на улица во Скопје, опфаќајќи ги и нивните семејства. Активностите се спроведуваат преку директни контакти на терен, односно на самата сцена и во време кога КСР работат.

Директната комуникација нé доведе до идентификување на најразлични потреби со кои се соочува оваа социјална група, но и со неможноста истите да се реализираат во рамките на постоечките институции. Со цел да одговори на потребите кои беа идентификувани и како ризични фактори во однос на ХИВ/СИДА, други СПИ, изолација и маргинализација ХОПС беше принуден да развива сервиси за задоволување на тие потреби, во меѓувреме работејќи и на посредување и поврзување на сексуалните работници со надлежните институции.

Сервисите на ХОПС вклучуваат:

- Теренска работа за превенција на ХИВ и други СПИ (дистрибуција на бесплатни кондоми, печатени и усни информации за ХИВ/СИДА, СПИ, контрацепција, безбеден секс и безбедно инјектирање);
- Сервис на социјални услуги (помош при добивање на документи за лична идентификација, социјална помош и здравствено осигурување - консултации и материјална помош за покривање на административни трошоци од фондот за документи креиран

за таа намена; препраќање, посредување, придружување на клиенти во јавни институции и помагање при процедури; психо-социјална поддршка; посета на клиент во негово живеалиште, контакти со семејството и сл.);

- Сервис на медицински услуги
    а. Организирање едукативни работилници за сексуално и репродуктивно здравје, ХИВ/СИДА и други СПИ;
    б. Бесплатни гинеколошки прегледи, ПАП тестови и контрацепција за клиентки кои по никој основ не остваруваат право на здравствено осигурување. За потребите на оваа активност ХОПС има склучено договор за соработка со приватна гинеколошка ординација каде се нудат сите потребни услуги и каде се следи вкупното сексуално и репродуктивно здравје на клиентките;
    в. Третирање на рани од погрешно и долготрајно инјектирање, информирање за видовите третмани кои постојат во Македонија, консултации и препраќање до истите за КСР кои воедно употребуваат дрога. Овие услуги се нудат во соработка со Програмата за Намалување на штети за употреба на дрога при ХОПС, од страна на медицинскиот тим кој функционира во рамките на истата;
- Сервис за правна помош и советување (правни совети од областа на граѓанско, кривично, семејно, имотно, управно, социјално и друго право; помош и придружување низ различни правни процедури; подигање на свесноста за основните човекови права, механизмите и институциите за заштита во случај на повреда на истите;

## 2. Основа на истражувањето

Иако постојат информации дека сексуалната индустрија егзистира во Македонија, а во последните петнаесет години расте и се проширува, со исклучок на еден истражувачки проект во 1996 година на Републичкиот завод за унапредување на социјални дејности (Проституцијата во Македонија, 1996) и неколку дипломски/магистарски трудови од оваа област, не постојат научни и систематски податоци за распространетоста на сексуалната работа, нејзината организираност, а уште помалку информации постојат за профилот на сексуалните работници и групите од кои трпат непосредно влијание, моделите на однесување кои ги развиваат и ризиците на кои се изложени.

Тоа воглавно се должи на фактот дека “државата сеуште нема изграден јасен нормативен систем со јасно дефинирани мерки и органи што се занимаваат со превенирање и следење на проституцијата со сите нејзини придружни појави. Така во моментов имаме ситуација во која со проблемот на проституцијата се занимаваат органите за внатрешни работи како со проблем на нарушување на јавниот ред и мир и нејзината поврзаност со криминалитет, и Центрите за социјална работа кои со жените кои се занимаваат со проституција само во определеи ситуации се среќаваат како со социјални проблеми. На таа основа и двата органа имаат различни дефиниции и пристапи кон оваа појава, не ја следат систематски, не водат евиденција и други податоци за истата. Уште помалку се водат податоци за здравствениот аспект на проституцијата (Проституцијата во Македонија, Републички завод за унапредување на социјални дејности - Скопје, 1996).

Во ситуација кога јавноста сеуште нема изградено став и мислење кон сексуалната работа, државата нема изградено систем на следење на сексуалната работа, а уште помалку систем на поддршка на сексуалните работници, ХОПС преку Програмата за поддршка на сексуалните работници кои работат на улица во Скопје и нивните семејства засега претставува единствен и изолиран обид да се допрат и покренат одредени прашања од областа на сексуалната работа.

Во дадената ситуација тимот на ХОПС сметаше дека потпирајќи се на остварените контакти и искуства може да допринесе во испитување и исрцтување на дел од сликата што ја

претставува сексуалната работа во Македонија, особено уличната како социјално најзагрозена и општествено најмаргинализирана категорија.

## 3. Цел на истражувањето

Основна цел на истражувањето е да се направи скенирање на уличната комерцијална сексуална работа во Скопје, преку испитување на искуствата на комерцијалните сексуални работници кои работат на отворена сцена во Скопје, а пред се:

1. Проценка на нивните познавања за ХИВ/СИДА и сексуално преносливи инфекции, проценка на ризичното однесување кај оваа популација и факторите кои влијаат на ризичното однесување во однос на ХИВ/СИДА и други СПИ;
2. Односот и влијанието на групите од интерес за сексуалните работници т.е нивните клиенти, заштитници (во народот познати како макроа), интимни партнери и полицијата кои преку секојдневните директни контакти влијаат врз степенот на нивна ранливост кон ХИВ, СПИ, насилство, изолираност, маргинализираност, трговија со луѓе и друго;
3. Односот на потесната и поширока заедница кон КСР;
4. Проценка на ранливоста на оваа популација кон трговијата со жени заради сексуална екпплоатација;

# 4. Време и место на истражување

Истражувањето се спроведе во периодот Ноември - Декември 2002 година во Скопје, на најголемата отворена сцена каде се нудат сексуални услуги.

Скопје е главен град на Република Македонија. Лоциран е во северниот дел на Македонија и покрива површина од 225км². Според пописот во 1994 година, вкупниот број на жители во земјата изнесува околу 2 милиона од кои повеќе од една четвртина (околу 600 000) живеат во главниот град.

Од проценетата бројка на 2.500 - 3.500 сексуални работници кои работат во Македонија, се смета дека околу 1000 работат во Скопје, а околу 150 - 200 од нив редовно или повремено излегуваат да нудат сексуални услуги на улица.

Во Скопје функционира една постојана улична сцена која не ја менува локацијата со години наназад, и неколку помали сцени кои се подвижни, односно се појавуваат па се губат, или се префрлаат на друга локација.

Најголемата, воедно и најпостојана улична сцена во Скопје се наоѓа во делот од градот кој се простира на левиот брег на реката Вардар. Самата сцена го зафаќа просторот меѓу комплексот факултети, зградата на Македонската Радио Телевизија, Младинскиот Културен Центар, МАНУ и Основниот и Врховниот Суд на Македонија, значи локација на која воглавно егзистираат административни институции кои се активни и раздвижени преку ден поради што сцената функционира навечер. Можеби токму поради фактот дека во околината нема стамбен простор, значи нема станари кои би реагирале на движењето на сексуалните работници и нивните клиенти сцената опстојува со години наназад.

Делот од Скопје каде функционира отворената сцена важи за мултиетнички регион, односно регион во кој се концентрирани најголемиот дел од Албанската, Ромската и Турската заедница, но и регион во кој социјалната беда и отуѓеноста се најсилно изразени. Голем дел од жителите на овој регион се припадници на најсиромашниот општествен слој, нивото на образование и информираност за општествените трендови е ниско што доведува до маргинализација и ранливост во однос на многу актуелни проблеми.

Лицата кои нудат сексуални услуги на опишуваната сцена воглавно потекнуваат од овој регион, иако имаме забележано појава на сексуални работници и од другите градови во Македонија, претежно Велес, Куманово, Битола или Штип.

Во текот на 2002 година, на отворената сцена се движеа околу шеесетина сексуални работници, сите од женски пол. Во тој период сеуште немаше пријавено појава на машки или трансексуални сексуални работници.

# 5. Методи и техники на истражување

При оваа истражување се користеа два метода:

- Интервју;
- Набљудување;

Основна метода која се користеше при истражувањето беше стандардизираното интервју но со голема слобода во поставувањето на прашањата без оглед на нивниот редослед за конкретните области кои претходно беа дефинирани.

Поради специфичноста на целната група, нивната недоверба, затвореност и страв од злоупотреба од надворешни непознати лица од една страна, а интимноста на прашањата од друга страна, како интервјуер беше ангажиран теренскиот работник на Програмата за поддршка на КСР кој претставува лице од доверба за испитаниците и со кого се навикнати да контактираат во случај на најразлични потреби. Пред да започне со интервјуирање теренскиот работник помина обука за водење на интервју.

Интервјуирањето се изведе анонимно, а дискрецијата е загарантирана.

Со оглед на тоа дека интервјуата ги водеше теренскиот работник кој во рамките на своите работни обврски секојдневно е на терен, како техника за надополнување на податоците се користеше и директното набљудување на испитаниците во нивната природна средина.

## 6. Примерок на истражување

При креирањето на стратегијата за истражување беше утврдено дека за добивање на релевантни заклучоци ќе биде доволно опфаќање на една третина (30%) од тогашниот број на КСР кои работеа на отворената сцена во Скопје, а кој изнесуваше 60 лица од женски пол.

Значи со истражувањето се опфатени 19 девојки, а за да се запази структурата на моменталната сцена при нивниот избор се внимаваше на различната возраст, етничка припадност и различен „стаж" во нудењето сексуални услуги за пари.

## 7. Истражувачки тим

Во спроведување на истражувањето учествуваа:

1. Мара Тодоровска, теренски работник – интервјуер;
2. Дипл.соц.раб. Влатко Деков - квантитативна обработка на податоците;
3. Дипл.соц.раб. Марија Тошева – Координатор на истражувањето и квалитативна обработка на податоците;
4. Бранко Докузовски - квалитативна обработка на податоците;

# 8. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 8.1. Основни демографски податоци за испитаниците

Со истражувањето беа опфатени 19 комерцијални сексуални работнички, бидејќи во тој период на отворената сцена сеуште немаше појава на машки сексуални работници. Значи сите испитаници се со женски пол, но со различна возраст и етничка припадност.

### 1. Пол

| | број | % |
|---|---|---|
| женски | 19 | 100% |
| машки | 0 | 0% |
| Вкупно | 19 | 100% |

### 2. Година на раѓање

| Година на раѓање | број | % |
|---|---|---|
| 1955 - 1960 | 2 | 10,53% |
| 1961 - 1965 | 2 | 10,53% |
| 1966 - 1970 | 3 | 15,79% |
| 1971 - 1975 | 1 | 5,26% |
| 1976 - 1980 | 3 | 15,79% |
| 1981 - 1985 | 1 | 5,26% |
| Без одговор | 7 | 36,84% |
| Вкупно | 19 | 100% |

Од табелата може да се види дека возрасната структура на испитаниците е разновидна т.е. опфатени се сексуални работници од 18 до 47 години без посебна застапеност на одредена возрасна група, иако добар дел, односно 36.84% не дале одговор на прашањето, што може да влијае на потполната слика.

## 3. Етничка припадност

| | број | % |
|---|---|---|
| Македонска | 9 | 47,37% |
| Албанска | 1 | 5,26% |
| Ромска | 6 | 31,58% |
| Бошњачка | 1 | 5,26% |
| Турска | 2 | 10,53% |
| Влашка | 0 | 0% |
| Српска | 0 | 0% |
| Вкупно | 19 | 100% |

Во однос на етничката припадност, најголем дел од испитаниците се со македонска националност - 47,37%, потоа со ромска националност - 31,58%, со турска националност се - 10,53% и по една т.е по 5,26% се со албанска и бошњачката национална припадност.

## 4. Вероисповед

| | број | % |
|---|---|---|
| Православна | 9 | 47,37% |
| Католичка | 0 | 0% |
| Исламска | 10 | 52,63% |
| Протестантска | 0 | 0% |
| Атеист | 0 | 0% |
| Не знам | 0 | 0% |
| Друго | 0 | 0% |
| Не одговарам | 0 | 0% |
| Вкупно | 19 | 100% |

52.63% од испитаните се со исламска, а 47.37% со православна вероисповед.

## 5. Место на живеење

| | број | % |
|---|---|---|
| Скопје | 17 | 89,47% |
| Велес | 1 | 5,26% |
| Куманово | 1 | 5,26% |
| Вкупно | 19 | 100% |

89.47% (17) живеат во Скопје, 5.26% (1) во Велес и 5.26% (1) во Куманово. Сепак сознанијата од терен и секојдневните контакти укажуваат дека иако живеат во Скопје, голем дел од испитаните потекнуваат од други места во Македонија, но во потрага по подобра заработувачка, брак или поради стигма во сопствените градови мигрирале во Скопје.

## 6. Образование ( во години )

| | број | % |
|---|---|---|
| Без образование | 5 | 26,32% |
| 1 - 4 | 2 | 10,52% |
| Непотполно основно | 2 | 10,52% |
| Основно | 3 | 15,79% |
| Непотполно средно | 5 | 26,32% |
| Средно | 1 | 5,26% |
| Без одговор | 1 | 5,26% |
| Вкупно | 19 | 100% |

Во однос на степенот на образование, забележлив е податокот дека 26.32% се без образование, и 21,04% се со незавршено основно образование. Со завршено основно образование имаме 15.79%, со непотполно средно имаме 26.32% и само една девојка или 5.26% има завршено средно образование.

Отсуството на образование води кон отсуство на квалификации за работа што води кон отсуство на мотивација за потрага по работно место, така да сексуалната работа за најголем дел од нив е единствен извор за егзистенција.

Освен тоа, целосното отсуство на образование што подразбира неписменост, значи и ограничена достапност до најразлични информации во секојдневниот живот кои би можеле да се најдат во сите пишувани форми - медиуми, брошури, лифлети, постери и слично.

Исто така неможноста да се прочитат соодветните упатства, да се пополнат потребните барања или молби за задоволување одредени граѓански и социјални права од една страна, и нељубезниот или стигматизирачки персонал од друга страна води

кон несигурност, страв и срам во пристапот кон различните институции. Искуствата од терен ни покажуваат дека токму овој момент е причина да најголем дел од сексуалните работници на улица ги избегнуваат контактите со институциите или не се враќаат да ги довршат започнатите постапки, така да најголем дел од нив имаат проблеми со некомплетна документација и неостварени граѓански и социјални права, но и обврски.

## 7. Работен статус

| | број | % |
|---|---|---|
| Невработени | 19 | 100% |
| Вработени | 0 | 0% |
| Привремено вработен | 0 | 0% |
| Работи непријавено | 0 | 0% |
| Стечаец | 0 | 0% |
| Пензионер | 0 | 0% |
| Вкупно | 19 | 100% |

Овие податоци го потврдуваат погоре претпоставеното. Имено, сите испитаници се невработени и за секој од нив сексуалната работа е единствен извор на егзистенција.

## 8. Брачна состојба

| | број | % |
|---|---|---|
| Немажена | 10 | 52,63% |
| Мажена | 1 | 5,26% |
| Разведена | 0 | 0% |
| Вдовица | 1 | 5,26% |
| Незаконски брак (вонбрачна заедница) | 7 | 36,85% |
| Вкупно | 19 | 100% |

По 1 испитаник имаме со статус мажена и 1 разведена, додека 52,63% се немажени, а 36,85% живеат во вонбрачна заедница.

Интересно е да се спомене податокот дека дел од испитаниците кои живеат во вонбрачна заедница истата ја дефинираат како брачна, што се должи на традицијата, особено меѓу ромското население, да не се склучуваат граѓански бракови во релевантните служби. Според нивните обичаи, бракот е склучен кога семејствата ќе се договорат и ќе го прогласат истото, или кога ќе прават свадба со што го објавуваат бракот.

### 9. Колку деца имаш

| | број | % |
|---|---|---|
| Нема деца | 11 | 57,89% |
| 1 или 2 | 5 | 26,32% |
| 3 и повеќе | 3 | 15,79% |
| Вкупно | 19 | 100% |

57,89% од испитаните немаат деца, меѓутоа останатите се родители на 1, 2, 3 па и повеќе деца. Со оглед на тоа дека најголем број од нив се немажени или живеат во вонбрачни заедници со непризнато татковство, најголем дел од нив имаат статус на самохрани мајки. Дел од нив, поради немање услови за чување на деца, истите ги имаат доверено на чување на Службите за старателство при Центрите за Социјална работа.

### 10. Со кого живееш

| | број | % |
|---|---|---|
| Сама | 4 | 21,05% |
| Со пријател/и | 7 | 36,84% |
| Со роднини | 4 | 21,05% |
| Сопствено семејство | 4 | 21,05% |
| Вкупно | 19 | 100% |

По 21.05% (4) од девојките живеат сами, со роднини или сопствено семејство, а 36.84% изјавиле дека живеат со пријатели, а тоа се вообичаено девојките со кои заедно работат или нивните интимни партнери/заштитници.

## 11.Дали имаш пензиско осигурување

| | број | % |
|---|---:|---:|
| Да | 0 | 0% |
| Не | 18 | 94.74% |
| Без одговор | 1 | 5,26% |
| Вкупно | 19 | 100% |

Со оглед на тоа дека ниту еден од испитаните нема работен статус, ниту работен стаж, тоа последователно значи дека не поседува ниту пензиско осигурување.

## 12.Дали имаш здравствено осигурување

| | број | % |
|---|---:|---:|
| Да | 7 | 36,84% |
| Не | 11 | 57,90% |
| Без одговор | 1 | 5,26% |
| Вкупно | 19 | 100% |

57.9% од испитаните немаат здравствено осигурување што значи дека јавните здравствени сервиси се недостапни за нив.

Со оглед на тоа дека испитаниците се занимаваат со сексуална работа, одржувањето на сексуалното и репродуктивно здравје што подразбира редовни прегледи, контроли и тестирање претставува приоритет, истовремено значи дека и поседувањето здравствено осигурување е прво од листата на приоритети кај сексуалните работници.

Искуствата и набљудувањето на терен ни покажуваат дека и така многу нискиот степен на свесност и мотивираност за редовни гинеколошки прегледи, уште повеќе се намалува со фактот дека не поседуваат здравствено осигурување и дека треба да платат за прегледот, за што често и реално немаат пари да одделат.

### 13.Дали користиш социјална помош

| | број | % |
|---|---|---|
| Да | 1 | 5,26% |
| Не | 17 | 89,48% |
| Без одговор | 1 | 5,26% |
| Вкупно | 19 | 100% |

Иако 100% од испитаните се невработени, околу 40% се самохрани мајки, голем дел од нив живеат во лоши станебени и материјални услови, само 1 од нив, односно 5.26% прима некаков облик на социјална помош.

### 14.Дали освен со ХОПС во моментов контактираш со некоја друга институција или организација

| | број | % |
|---|---|---|
| Здравствена | 4 | 21,05% |
| Социјална | 1 | 5,26% |
| Верска | 0 | 0% |
| Друга | 0 | 0% |
| Не контактирам никој освен ХОПС | 14 | 73,69% |
| Вкупно | 19 | 100% |

Дека не контактираат со друга институција или организација освен со ХОПС имаат изјавено 73.69% од испитаните. 20.05% контактираат здравствена установа и тоа се оние испитаници кои ја контактираат дневната болница за зависности „Кисела Вода", каде се вклучени во некои од постојните програми за лекување на зависности, а 1 испитаник или 2.26% контактираат Центар за социјална работа заради остварување непосредна материјална помош.

Последните четири прашања директно укажуваат на достапноста, препознаеноста и степенот на вклученост на сексуалните работници кои работат на улица во Скопје во рамките на релевантните институции, односно степенот на нивна маргинализираност и отуѓеност од општествените текови.

## 8.2 Информираност за ХИВ/СИДА, СПИ, безбеден секс

Во раните осумдесети години од минатиот век, односно во зачетокот на глобалната ХИВ епидемија, врската помеѓу сексуалните односи со повеќе партнери и трансмисијата на ХИВ доведе до етикетирање на сексуалните работници, мажите кои имаат секс со мажи, корисниците на droги итн. како „вектори за пренесување на ХИВ инфекцијата" или „групи со висок ризик". Многу од превентивните интервенции во оваа рана фаза, фокусирани на заплашување на општата популација не само што се покажаа како неуспешни, туку и во голема мерка го зголемија нивото на стигма и дискриминација кон овие и онака ранливи групи, а од друга страна придонесоа за погрешната перцепција на ХИВ/СИДА како „болест на оние другите" помеѓу општата популација.

Денес, тргнувајки од зголемената свесност за големината и формата на ХИВ епидемијата, а избегнувајќи ги грешките од минатото, сведоци сме на промена на пристапот кон сексуалните работнички како ранлива група, базиран на дефиницијата дека КСР се „лица кои разменуваат секс за материјални добра", дефиниција која го проширува фокусот и одговорноста за „побезбеден секс/употребата на кондом" или „инсистирање за побезбеден секс/користење на кондом", на клиентите, менаџерите во секс бизнисот, приватните партнери и семејствата на сексуалните работнички, полицијата итн., одговорност која многу често и погрешно се лоцира само во сексуалната работничка.

Овој пристап, покрај тоа што е помалку стигматизирачки од аспект на КСР, отвара и простор за инкорпорирање на нови и битни елементи во превентивните програми како: зголемување на капацитетот за преговарање за безбеден секс на КСР, едукација и влучување на КСР во процесот на едукација на нивните клиенти, отворање и полесен пристап до превентивните иформации и средства, до здравствениnте, социјалните и правните институции, како и градење на позитивна правна и политичка рамка која се однесува на ситуациите и структурите кои ја зголемуваат вулнерабилноста и ги лишуваат сексуалните работнички од правото да живеат и работат безбедно, како што е насилството

врз КСР и останатите форми на кршење на нивните основни човекови права.

На практикувањето „побезбеден секс” во комерцијалната сексуална работа влијаат повеќе фактори како влијанието на клиентот, односно инсистирањето на незаштитен секс преку „куповна моќ” или директно насилство, потребата за финансиски средства, зависност од droги/алкохол, ниското ниво на едукација како и возраста. Не смее да се занемари ни влијанието на репресивните/контролните мерки од страна на органите на прогонот.

Девојките во просек даваат услуги на три клиенти по вечер. 5.26% од испитаните немале ниту еден клиент последната вечер кога ги нуделе своите услуги, а 21.05% имале повеќе од 3 клиенти.

Сите 19 испитанички користеле кондом при последниот сексуален однос со клиент, во 73.68 % случаи на барање на сексуалната работничка, во 5.26% на барање на клиентот, а во 21.05%, одлуката да се користи кондом била заедничка. Од друга страна, запрашани дали секогаш и при секаков вид на сексуален однос користат кондом, 47.37% изјавиле дека секогаш користат кондом, а 52.63% дека понекогаш им се случува да не користат кондом. Како главни причини за инцидентното некористење кондом најчесто се наведува немањето пари, односно финансиски средства за купување кондоми, дека го познаваат клиентот така да нема потреба да користат кондом со него или кинење на кондомот при сексуалниот однос..

Иако на прв поглед степенот на употреба на кондом при сексуален однос со клиентите делува задоволувачки, постојат одредени ограничувачки фактори за целосно прифаќање на добиените податоци како точни. Имено, голем број од интервјуираните избегнуваат да зборуваат за оралниот и аналниот секс, односно изјавуваат дека не прифаќаат таков вид на сексуални односи со клиентите, што се коси со нашите сознанија стекнати преку имплементирањето на теренските превентивни активности. Како посебен проблем се наметнува перцепцијата што ја имаат КСР кон одредени постојани клиенти како „сигурни”, „чисти”, „фамилијарни луѓе” и следствено на тоа, некористењето на кондом при сексуалните односи со нив.

5 испитанички (78.94%) имаат постојан сексуален партнер (дечко, маж, човек со кој живеат, заштитник, макро). Шест од нив (31.57%) имале сексуални односи со него во последните 7 дена

(просечно еднаш). 21.05% од испитаните немаат постојан сексуален партнер. Во однос на употребата на кондом при последниот сексуален однос со партнерот, 6 (40%) двојки го користеле, во 33.33% по иницијатива на интервјуираната, во 16.66% по иницијатива на партнерот, а во 50% од случаите одлуката да се користи кондом ја донеле двајцата партнери заедно. Од друга страна, 22.22% од испитуваните кои имаат постојан сексуален партнер, а не користат кондом со него го наведуваат противењето на партнерот, а 77.77% „немањето потреба" и „сигурноста и довербата во партнерот" како главни причини за неупотреба на кондом.

Општо земено, од 15те испитанички кои имаат постојан сексуален партнер само 13.33% постојано користат кондом при сексуалните односи со него, 6.66% речиси секогаш, 20% понекогаш, а 33.33% никогаш не користат кондом (4 испитанички или 26.66% не дале одговор на ова прашање).

Сите 19 интервјуирани знаат каде се набавуваат кондоми.

На прашањето од каде(места и луѓе) може да набават кондоми, најчести одговори се: продавници (48.98%), аптека (26.08%) и теренски работник (34.69%).

При интервјуирањето 15.79% од испитаничките немаат ниту еден кондом кај себе, 57.89% имаат помеѓу 3 и 9 кондоми, а 26.32% имаат 10 кондоми или повеќе.

Сите 19 испитанички слушнале односно знаат дека постојат болести што се пренесуваат преку сексуален пат. 89.47% од нив навеле најмалку 1 симптом за полово преносլива инфекција кај жена, а 47.36% знаат 2 или повеќе симптоми. Најчесто споменувани симптоми се болка во стомакот (31.58%), јадеж (36.84%), исцедок од гениталиите (26.32%), печење при мокрење (26.32%) итн.

Во однос на инфекциите на машките полови органи 15.79% навеле 1 симптом, 26.39% два или повеќе. Најчесто споменуван е исцедок од пенисот (31.58%), потоа печење при мокрење (26.32%),ранички и осип (10.52%) итн.

Речиси две третини од испитаничките (68.42%) имале било исцедок, (63.15%) или/и ранички, осип, чешање на гениталиите (26.32%) во последните 12 месеци.

Од нив 7.69% побарале лекарска помош/советување во државна здравствена институција, 30.77% во приватна здравствена институција, а 38.46% самите купиле лекарства, односно се

самолекувале. 30.76% му кажале на постојаниот сексуален партнер, 15.38% прекинале со сексуални односи додека да им помине (15.38%) или имале сексуални односи исклучиво со кондом (15.38%).

Битно е да се напомене дека девојките при посетата на лекар - гинеколог во најголем број случаи се придружувани од теренскиот/социјалниот работник на ХОПС.

84.21% од испитаничките чуле за ХИВ/СИДА. Запрашани дали ХИВ/СИДА се пренесува преку бакнеж 62.50% одговориле потврдно, 18.75% одговориле негативно, а 18.75% не знаеле.

Во однос на пренесувањето преку употребена опрема за инјектирање 75% одговориле потврдно, а 25% не знаеле.

Половината сметаат дека лице инфицирано со ХИВ може да изгледа сосема здраво, а 75% одговориле потврдно за пренесувањето од мајка на дете.

## 8.3. Клиенти на сексуалните работници

Сексуалниот однос секогаш вклучува најмалку двајца партнери кои подеднакво сносат одговорност за степенот на ризичност и можните последици од впуштањето во ризични сексуални односи.

Во комерцијалниот сексуален однос ги имаме сексуалните работници кои нудат сексуални услуги од една страна, и клиентите кои бараат таков тип услуги од друга страна. Обете страни имаат право на преговарање и договарање за видот на услугата, цената, местото и начинот на кој се одвива ситуацијата, заштитните мерки кои ќе бидат преземени и слично.

За практикување безбеден секс потребни се три основни елементи: достапни заштитни средства (кондоми), информации и знаење како истите да се употребат и вештини за преговарање за истите да бидат и употребени. Искуствата од терен и секојдневната дистрибуција на кондоми на отворената сцена во Скопје имаат покажано дека девојките воглавно имаат доволен број на кондоми на располагање, имаат информации како истите правилно се употребуваат (теренските работници вршат континуирана едукација), меѓутоа во недостиг на лична моќ и

вештини за преговарање, а на инсистирање на клиентите, некогаш пропратено со нудење повисока сума на пари или пак насилство и физичка принуда сепак се случува да практикуваат ризичен секс.

Значи клиентите, покрај самите сексуални работници, се најважната компонента од комерцијалниот секс, кои со своите познавања, ставови, навики и однесување директно влијаат врз ризичноста на сексуалниот однос. Оваа само по себе е аргумент за вклучување на клиентите на КСР во здравствено едукативните програми.

Знаењето и ставовите на КСР за безбедно однесување се доволно испитувани, меѓутоа не и односот на клиентите кон истото. Се претпоставува дека клиентите (обично се мисли на машки) одбиваат користење на кондоми бидејќи мислат дека го намалуваат задоволството, меѓутоа реалноста сигурно е покомплексна. Неинформираноста, инсистирање на сексуален однос под дејство на алкохол или дрога што води кон занемарување на здравствениот ризик, цената и достапноста на кондомот можеби влијаат на неупотребата на кондомот.

Бидејќи целта на оваа истражување не е знаењето и односот на клиентите на КСР кон сексуалното здравје и СПИ, ниту пак истите се опфатени како испитаници, во оваа поглавје е посветено внимание само на односот на клиентите кон КСР, односно степенот на насилство што го пројавуваат, услугите што најчесто ги бараат и меѓузависното влијание врз овозможување безбедна околина за работа и практикувањето на безбеден секс.

Дека сексуалните работници на улица трпат физички напади од клиентите потврдиле 84.21% од интервјуираните 19 испитаници:

"Еве некни еден ме тепаше, мој човек, стално што идам со него, муштерија, еве по глава ме тепаше.. многу пати било, доваѓаат од ...."

"Еве некни ме удари.. полицаец се прави - ако не сакаш во станица да имам однос со тебе. Јас му викам - не, она на мене ми вика - да те нема, ми удри бокс."

"…некој ќе се претстави полиција, некој овој, некој оној, што ја знам. Некој ќе се претстави од ....., дека е од станица....., и така. Старите ги знаеме, во униформа, значка кога покажува, ние онда

знаеме дека е полиција, ќе не приведе со комбе и ние знаеме. А овие што се прават поединечна полиција, дека е инспектор, ги киднапираат женските, па се иживљаваат врз нив."

"..кај него дома, ме тепаше со дрва."

"ме тепале лошо, во ....... па таму ме однесле, еден се понашал како муштерија, после навалиле уште. Тројца беа. Ме истепаа. И не пуштија пешки со ќерка ми (и нејзе истото)… тоа било пред три недели…"

"Да, ќе те однесат нагоре, и во шума и крај."

Притоа, најголем дел од испитаните зборуваат за физичкото насилство на улица како за вообичаена појава која се случувала многу пати, а се повторува барем еднаш месечно, некогаш и почесто.

"… не еднашка, туку многу пати… тука, и највише, како се вика, ..........., да, ...... и у куќа, на ливада."

"Ме тепаат, ме влечат, и така.. ме затвараат во афтата (заб: колите).. во месецот барем еднашка ќе се случи."

"Многу пати доаѓаат од ........., се прават полицајци, не киднапират па се изживуват врз нас".

"Во Гази Баба, и кај телевизија имало.. се случувало на многу места."

"…покушавал да ме тепа, парите си ги барал… во месецот неколку пати се случува."

Како што се гледа од изјавите, најчестата причина за нападот е одземањето на парите или барањето да се вратат веќе дадените пари за договорените сексуални услуги, меѓутоа често е и сексуалното иживување, силување во група или поединечно, а една девојка има потврдено дека и се барало рекет.

“ Ќе одиме на само и ќе му побарам пари за да свршиме работа. И ќе ме лаже - прво да свршиме работа ова, она и оп одеднашка ќе почне со сила да ме џапа, да ме удира и ми ги зима парите.”

“И ме тепале, и парите ми ги зимале, и силување имало, ама пет-шест души на еден.”

“Или за гуша ќе ме фати, или ќе ме легне доле, ќе ме шутира, и парите ќе ми ги земе.”

Притоа, како што се гледа од изјавите, најголем дел од клиентите кои одбиваат да платат за услугите или едноставно сакаат насилен секс, го злоупотребуваат стравот на сексуалните работници од полиција и моќта која ја уживаат полицајците на улица во ситуација каде сексуалната работа не е регулирана со што се остава простор за злоупотреба и страв, така да доволно е некој да се претстави како полицаец и да си дозволи изживување и тормозење. Поради несигурноста дека можеби се работи за вистински полицајци, а поради недоверба и немање сигурност во правниот систем девојките воглавно се демотивирани да ги пријавуваат ваквите случаеви во полиција. Односот од и кон полицијата ќе биде подетално образложен во Поглавјето бр.8.5.

Физичкото насилство од страна на клиентите негативно се одразува на две нивоа:

- преку створање несигурна и небезбедна околина за работа, створање чувство на постојан страв од насилство, ниска самодоверба и самопочит, инфериорност, пониженост и потиштеност што може да води кон други облици на ризично однесување: употреба на алкохол, дрога, седативи итн.;
- преку зголемен ризик од инфицирање со ХИВ и други сексуално преносливи инфекции. Прво - сексуалните работници во такви ситуации не можат да преговараат за практикување безбеден секс, второ - насилните клиенти, особено при силување обично не користат кондоми и трето - насилниот секс, особено групните силувања оставаат повреди и рани кои се влезна врата за инфекции;

Во однос на тоа кој вид на сексуални услуги се барани од страна на клиентите од интервјуата се гледа дека се бараат сите три вида на секс подеднакво: вагинален, анален и орален. Меѓутоа од одговорите се гледа дека оралниот, и особено аналниот секс се

сметаат за далеку посрамен акт од вагиналниот т.е. „обичниот" или „нормален" како што го нарекуваат. Дури 8 испитаници, или 42.1% воопшто и не го спомнуват аналниот секс, а останатите тврдат дека „не одат така":

"Да, бараат, ама јас тоа не го правам."

"Бараат, па од уста, па од г'з, не знам, па од сваштa."

"Они бараат комплет, ама јас си работам само вагинален."

"Бараат, најповеќе бараат отпозади… а јас никогаш не одам и никогаш не сум била."

"Некои бараат банана (заб: орално), некој бара однапред, како да ти кажам.."

"Пушење бараат, ама не… не одам јас така."

"Не, не работам… јас само нормално."

"Пушење да, анално не одам."

Секојдневните контакти на терен и директното набљудување на моделите на однесување, процесите на преговарање со клиентите раководејќи се од фактот дека побарувачката ја диктира понудата ни укажуваат дека на отворената сцена сепак се нудат сите видови на сексуални услуги, така да правењето табу од оралниот и аналниот секс, срамот и негирањето дека истото се нуди е фактор на ризик во однос на поседувањето, барањето и пренесувањето на информации за здравствените ризици и нивното намалување при практикување на таков вид секс.

Цената на сексуалниот однос варира од 500 до 1.500 денари, што зависи од видот на услугата, но и пред се од самиот клиент и од тоа во која мерка и се потребни пари на сексуалната работничка.

Воглавно, оралниот секс се наплаќа поефтино од вагиналниот (значи и почесто се практикува), а дека за аналниот секс не сакаат да зборуваат повторно потврдуваат тврдењата дека не знаат која цена е бидејќи истото не го нудат:

“Зависи, некад 1000ден. за едното, некад 500ден. за двете, зависи од муштеријата.”

“Не знам и не ме интересира.”

“Не знам за орален.”

“Вагинален 1000ден, орален 500ден, за анален не знам, не ме интересира.”

А во однос на тоа дали при орален секс користеле кондом 31.58% потврдиле дека имале орален секс со кондом, 5.26% одговориле дека не одат орално, 15.79% немале орален секс со кондом, а 47.37% не одговориле на прашањето дали имале орален секс со кондом, што повторно го поврзуваме со стварањето табу од оралниот секс.

Од оние кои имале орален секс со кондом само 1 или 16.66% тоа го направила по сопствена желба, а останатите 83.34% тоа го сториле по желба на клиентот.

“Да…(на чија желба)… највише на клиентот.”

“Пушење со кондом, да… по желба на клиентот. Ми плаќаше.”

“Па ми се случило без кондом… (на чија желба)… од човекот.”

Значи за практикување безбеден секс, сепак желбата на клиентот и неговиот однос кон практикување безбеден секс се од огромно значење. Бидејќи клиентот е тој што плаќа и е во посупериорна позиција да диктира услови, доколку истиот е информиран и свесен за ризиците, може да влијае да се практикува безбеден секс дури и тогаш кога сексуалната работничка е помалку информирана и помалку свесна за ризиците. За жал, обратна ситуација (да сексуалниот работник влијае врз клиентот кога овој не е доволно информиран), поради најразлични фактори, сеуште многу ретко се пријавува.

Прашани дали би прифатиле доколку клиентот побара секс без кондом, или доколку понуди повеќе пари за истото 42,1% одговориле со Не:

“Барале ама не сум прифатила.”

“А зошто да одам , да фатам некоја болест.”

“Не би отишла, налет дупло.”

“Не, не знам и колку да ми даде, џабе, јас без кондом не идам.”

Меѓутоа, 52.63% потврдиле дека „кога се принудени” во смисла кога им требаат пари, им се случувало или би си дозволиле да им се случи:

“Досега не ми се случило такво нешто и не знам.. (прашана е дали ако и се случи би отишла)… би отишла…”

“Некогаш одам, но тоа не ми се допаѓа.”

“Ако е чист и даде повеќе пари.”

“Не… А ако понуди 500 марки, може…само да не е болен… (прашана е како ќе знае дека е болен)… е па сега…”

“Некој бара, некој не. Некогаш сум одела (за повеќе пари)… Да идам, тоа од мака.”

“Ако немам пари, сум приморана, како да кажам - морам.”

“Да, ама да сврши надвор”.

Тука повторно би можело да се спомене дека доколку клиентот сака да практикува секс без кондом, освен повисока понуда, може да употреби и физичко насилство, со што сексуалниот работник се става во подредена положба во однос на преговарање безбеден секс.

Најголемиот дел од сексуалните работници имаат постојани клиенти. Само 26.31% (5) од испитаните 19 изјавиле дека немаат постојани клиенти.

Притоа се утврди дека постојаните клиенти се поризични во однос на практикување безбеден секс бидејќи најверојатно поради можноста во нив да гледаат постојан извор на приходи, а и поради одредено чувство на блискост и познавање и двете страни да се однесуваат попустливо и небрежно кога е во прашање употреба на кондом.

"Ако немам кондом би одела."

"Ако клиентот бара би одела."

"Може тоа."

"Сум идела."

"Идам (без кондом)… па го знам, чист е, фамилијарен човек е тоа.

## 8.4. Макро/Заштитник/Интимен партнер

Освен сексуалните работници и нивните клиенти, постојат и други категории на групи кои се неодвоив дел од сексуалната индустрија и кои вршат огромно влијание врз сексуалната работа, и особено врз самите сексуални работници.

Првата категорија се менаџерите на секс бизнисот, попознати во народот како макроа, односно лица кои ги поседуваат или раководат со локалите/клубовите каде се нудат сексуални услуги, или доколку станува збор за друг вид на организација на сексуалната работа, лица кои го организираат работното време и условите за работа на сексуалните работници, вообичаено посредуваат меѓу сексуалните работници и клиентите, ги штитат интересите на КСР пред клиентите, ги штитат од насилство и ограбување и добиваат/земаат одреден процент од наплатата на сексуалните услуги.

Односите меѓу сексуалните работници и менаџерите на сексуалната работа имаат многу значајно влијание на можноста на

сексуалните работници да останат безбедни на работа преку поддржување или оневозможување на достапност на кондоми, информации, преговарање и практикување безбеден секс, преку поттикнување или штитење од насилство и слично. При разгледувањето на сексуалната работа во даден контекст, многу е важно да се разгледаат тие односи од сите перспективи. "Понекогаш менаџерите влегуваат во групата на стереотипи кои важат за нив - експлоатативни, насилни контролори, газди кои тепаат, силуваат и ги одзимаат парите, меѓутоа ваквите стеротипи често не се ниту соодветни на реалноста ниту помагаат во развивањето на ефективни програми. Премногу е широк распонот на релации и односи меѓу сексуалните работници и нивните менаџери или заштитници, и истиот варира од регион во регион, дури и од заедница во заедница "(Making sex work safe, NSWP, 1999).

Втората категорија се интимните партнери на сексуалните работници, односно лицата со кои остваруваат емоционална и физичка блискост, со кои живеат или стапуваат во брак и основаат семејство.

Најголемото влијание на интимните партнери се огледа во односот кон користењето на кондом и практикувањето безбеден секс. Сексуалните работници од целиот свет пријавуваат дека најчесто не употребуваат кондом при сексуалниот однос со нивните интимни партнери. Најчестите образложенија за тоа се дека сакаат да го одвојат интимниот живот од работата, дека на тој начин докажуваат дека си веруваат, дека се блиски и слично.

Степенот на насилство од страна на интимните партнери исто така е фактор кој влијае врз ранливоста на сексуалните работници и кој би требало да биде разгледуван при скенирањето на сексуалната работа во одредена заедница.

Трета категорија од огромно значење и влијание врз сексуалната работа и сексуалните работници е полицијата, меѓутоа релациите со полицијата ќе бидат подетално обработени во следното поглавје (Поглавје бр.8.5).

Првите две наведени категории се одвоени и различни и вообичаено се испитуваат одделно. Меѓутоа, истражувањето на отворената сцена во Скопје покажа дека кај нас постои преклопување на овие две групи.

Во најголем број случаи, интимните партнери/сопрузи на сексуалните работници се и нивни заштитници/макроа.

Сексуалните работници во Скопје дури одбиваат да го користат терминот макро:

“Немам ни макро, ни заштитник, туку си имам маж… (он те чува?)… Да.”

“Дечко имам, тој не се паѓа макро, како дечко ми е.”

“Не, немам макро. Имам човек… (те штити ли?)… Да.”

“Немам макро, туку дечко.”

“Тоа е човекот што го сакам.”

Сепак се утврди дека постојат и оние класични и стереотипни форми на експлоатативни макроа кои ги третираат сексуалните работници како нивни вработени, држејќи ги во страв, насилство и несигурност ги обврзуваат да остваруваат профит за нив, а сепак за возврат не им нудат заштита, ниту услови за работа.

“Немам заштитник, а можам да кажам дека имам макро парите што ми ги зима. Кој ме штити тука - никој !”

Од 19 испитани 68.42% (13) одговориле дека имат човек кој ги штити, без оглед дали го нарекуваат макро, заштитник или дечко. Останатите 31.58% (6) се изјасниле дека во моментов работат сами, без заштитник, меѓутоа во минатото имале, а не оспоруваат дека можеби во иднина пак ќе имаат такво лице.

Притоа, 69.24% од испитаните кои одговориле дека имаат човек кој ги штити живеат со него (значи се во некаков вид на заедница), 15.38% се со него преку ден или понекогаш преспива кај него, и исто толку не одговориле.

Испитувајќи дали навистина нивните интимни партнери ја преземаат и улогата на заштитници, односно дали стојат на улица внимавајќи на нивната безбедност, колкаво е нивното влијание врз достапноста и употребата на кондоми, дали посредуваат и преговараат со клиентите и како го доживуваат меѓусебниот однос, дојдовме до следниве заклучоци:

Воглавно се издиференцираа два модела на однесување со изедначена застапеност.

Едната група на партнери/заштитници заради различни причини не излегуваат на улица каде што девојките нудат сексуални услуги, не даваат директна заштита и одбрана, и како такви немаат директно влијание врз контактите со клиентите.

“Он не ми нуди никаква заштита.”

“Не иде доле, страв му е од полиција.”

Другата група ги следи девојките на улица, внимава и ги штити од агресивните клиенти, меѓутоа не посредува и не преговара со самите клиенти, ниту договара цена и вид на услуга.

“Има проститутки наркоманки, па ти крадат пари. Ако не е тука, ќе ти ги земат парите.”

“Ме штити да не ми ги земат парите.”

Притоа, често се случува да при одбрана на девојките самите заштитници влегуваат во физички пресметки со агресивните клиенти, со што всушност си го потврдуваат статусот на заштитници:

“А има некогаш, има некои клиенти со мене што одат и него да го тепаат.”

“Доста е и он тепан… Од клиентите, од овие што доваѓаат, со сила што сакааат да не зимаат да работиме.”

Сите сексуални работници, со исклучок на една, изјавиле дека сами ги наоѓаат клиентите и самите договараат вид на услуга, цена и дали ќе се употребува заштита. Со оглед на тоа дека теренските работници дистрибуираат кондоми секоја вечер, лично на самите сексуални работници и се сведоци дека истите ги чуваат кај себе и ги имаат при рака во секое време, се чини дека нивните заштитници/партнери не влијаат врз договарањето и практикувањето ризичен секс со клиентите, туку тоа е оставено на моќта на преговарање на самите сексуални работници. Меѓутоа,

посредно, доколку истиот тој партнер инсистира или очекува да девојката заработува одредена сума на пари за одредено време користејќи и насилство доколку тоа не се оствари, девојката водена од стравот дека нема да заработи доволно, индиректно е принудена да прифаќа ризични сексуални односи на барање на клиентот кои можеби во нормални услови не би ги прифатила.

Прашани колку пари од дневната заработка му ја даваат на заштитникот или човекот со кого живеат: 46.15% одговориле дека му ја даваат сета заработувачка, 15.38% одговориле дека му даваат половина, „не многу" одговориле 7.69%, а дека не му даваат пари одговориле 23.08%. Една, односно 7.69% изјавила дека е должна секоја вечер да му носи по 7.000 до 10.000 денари.

Во овој дел од разговорот повторно се наметна заклучокот дека испитаниците (со одредени исклучоци) не можат да го одвојат моментот на она што во народот е познато како „исплата на макрото", бидејќи истото не го доживуваат како такво. Нивната перцепција на ситуацијата е дека во тој партнерски однос, тие се задолжени да заработуваат за семејството, меѓутоа тој како маж и столб на семејството треба да ги добие и располага со парите. Според востановениот систем на вредности и распределба на улоги, ваквата ситуација е прифатена како нормална/вообичаена.

"Не му давам ништо, за мојте деца, за мојта куќа, ги ранам."

"Сите му ги давам… а ги трошиме заедно."

"Па не знам, заеднички ги трошиме."

"По пола ја делиме, не можам да кажам дека еве му ја давам цела. По пола, заеднички."

Секако, се покажа дека постојат и исклучоци, односно ситуации во кои девојката нема развиено партнерски однос со заштитникот/макрото туку во буквална смисла работи за него и е должна да одвојува одреден процент за него или во спротивност е физички малтретирана.

Меѓутоа, евидентно е дека, без разлика дали се работи за партнери или работодавци, 80% од испитаните ја даваат или ја делат заработката, така да воглавно најголем дел од времето се

без сопствени средства за егзистенција и зависат од волјата на тој што располага со парите.

За ваквата ситуација посредно сведочи и теренскиот тим кој работи со девојките на средување на одредена документација или здравствено осигурување што подразбира подмирување на одредени административни трошоци за кои најчесто засегнатите тврдат дека немаат можност да ги подмират. Истото се пројавува и во ситуации кога треба да се плати здравствен преглед, училишен прибор за децата итн. Личните контакти и директното набљудување на терен имаат покажано дека воглавно лицата кои располагаат со парите на девојките, повторно водејќи се од свој систем на вредности истите ги трошат на алкохол, дрога, коцка, или бркање сопствен бизнис, така да освен за храна и убава облека (што повторно влијае на атрактивноста и поголемата можност за заработка) немаат интерес да одвојуваат за друго.

Интервјуата со сексуалните работници, како и секојдневното набљудување на терен, потврди дека истите континуирано трпат физичко насилство од страна на нивните партнери/заштитници.

“Ме има тепано, шамари мавано.”

“Ме тепаше за пари, и за дрога се тепавме, и така.”

“Сакаше да ме изгори, ме заврза за дрво, и околу мене дрва нареди. Да не беше ....., може ја знаеш, она беше со дечкото со кола, и таа помогна, и така.”

“Па понапред ме тепаше, па и со зборови, сега избегава да ме малтретира, да се караме.”

Меѓутоа најголем дел од нив наоѓаат оправдување за тоа насилство барајќи ја вината кај себе, тврдејќи дека самите тоа го заслужуваат, или гледаат на истото како на брачна кавга, односно вообичаена појава во секоја врска/заедница каде „мажот го води главниот збор”. Традицијата, нерамноправната и наметната улога на жената во семејството која сеуште е присутна во многу заедници во Македонија, семејното физичко или психичко насилство како дел од таа традиција, можеби дополнително оптоварено со суштината на дејноста што ја вршат го наоѓаме и меѓу сексуалните работници.

“Само понекогаш… Зошто може и јас сум била крива.”

“Се дешава понекогаш да се скараме.”

Од испитаните КСР, само 2 изјавиле дека немаат сексуални односи со својот заштитник/макро, додека останатите потврдиле дека редовно имаат сексуални односи со нив.

Меѓутоа, запрашани дали користат заштита/кондом при тие сексуални односи, само 2 изјавиле дека понекогаш користат, а останатите не користат никогаш. Со тоа најчесто покажуваат дека се блиски, дека се познаваат и си веруваат, најверојатно сакајќи да ја одвојат работата од интимата:

”Дечко ми е.”

“Не, чист е.“

“Го познавам дека е чист.”

“Кога ќе дојдам од работа ќе се истуширам се со шампони. А не е заразен. Кога ќе дојде до тоа не свршува во мене, пази.”

Или пак размислувајќи само во насока на спречување на несакана бременост се правдаат:

“Не е плоден.”

“Не сака он, а и неможам да останам бремена затоа што зимам роба (хероин).”

“Не свршува во мене, а и пијам таблети против бременост”

Токму овој начин на однесување не соочува со висок степен на несакани бремености помеѓу КСР кои работат на улица, додека состојбата со сексуално преносливи инфекции сеуште нѝ е непозната заради несистематското тестирање.

Сето горе наведено наведува на заклучокот дека при креирањето на програми кои се однесуваат на сексуалните работници неминовно мораат да бидат разгледани и опфатени и

нивните интимни партнери и заштитници кои преку моделите на нивно однесување, степен на свесност и информираност за ХИВ, СПИ и заштита директно влијаат на ранливоста на КСР во однос на најразлични аспекти.

## 8. 5. Полиција

Освен клиентите, интимните партнери и макроата, полицијата е една од најважните групи од интерес за сексуалните работници.

Полицијата може да влијае позитивно или негативно на сексуалната работа на повеќе нивоа:

- Преку можноста за намалување на насилството врз сексуалните работници со соодветен одговор на тоа насилство. Насилството и ограбувањето на сексуалните работници е редовна појава токму поради тоа што клиентите или макроата се свесни дека многу ретко се пријавуваат, гонат и казнуваат за стореното. Доколку полицијата совесно и соодветно реагира на пријавите за насилство и работи на казнување на истото, од една страна сексуалните работници ќе се мотивираат редовно да ги пријавуваат таквите настани, а од друга страна вршителите на насилството ќе станат свесни дека можат да бидат и казнети заради стореното;
- Преку односот кон здравствените и социјалните програми насочени кон сексуалните работници - можноста од апсење, приведување и спречување на активностите на теренските работници, што подразбира директно влијание врз достапноста на информации, кондоми и сервиси за сексуалните работници, менаџерите на клубовите и локалите и другите заинтересирани страни;
- Како потенцијален ризик за практикување ризичен секс доколку се преговара со клиентите во страв од појава на полиција. Во таква ситуација преговарањето се одвива забрзано со што не се остава доволно време за преговарање за практикување безбеден секс, и доколку постои страв да не се изгуби клиентот почесто се попушта доколку истиот инсистира на ризичен секс;
- Во средини каде сексуалната работа е забранета или крајно стигматизирана, поседувањето/чувањето на кондоми може да биде искористено како доказ дека лицето е сексуален работник

или дека во локалот се нудат сексуални услуги, што може да доведе до избегнување на носење кондоми или забрана за чување кондоми во локалот/клубот каде се одвива сексуалната работа. Истото се однесува и за информативни брошури, лифлети и слично, со што директно се влијае на можноста за практикување безбеден секс;

- Во средини каде полицијата прави чести рации, ги собира и брка девојките од местото каде работат, каде видливо е присутна со што влијае на бројот на клиентите, или таму каде девојките континуирано трпат психо - физичко насилство од страна на припадници на полицијата, сексуалните работници често ја менуваат локацијата на делување, се повлекуваат на места недостапни за полицијата и не се задржуваат подолго време на исто место. За жал, во ситуација каде тие се недостапни за полицијата исто така се тешко достапни и за социјалните или здравствени работници, со што истите тешко можат да се идентификуваат, вклучат и следат во рамките на постоечките програми. На тој начин се создаваат скриени и тешко достапни групи со зголемен ризик за развивање различни модели на ризично однесување;

Односот на полицијата кон сексуалните работници во најголема мерка зависи од законската регулатива на сексуалната работа во една земја.

Доколку сексуалната работа е забранета и се третира како кривично дело (во земјите од Блискиот Исток и делови од САД), полицијата презема репресивни мерки во согласност со законите при справувањето со истата.

Доколку сексуалната работа законски се толерира или игнорира (во најголем дел од земјите во Европа) полицијата повторно би требала да се однесува во согласност со законите. Меѓутоа, во најголем дел од земјите полицијата многу повеќе од самите закони одлучува/детерминира како сексуалните работници ќе бидат третирани. Значи без оглед на законските решенија сексуалните работници пријавуваат користење на репресивни мерки и дискриминација од страна на полицијата при што се врши и грубо кршење на нивните основни човекови права.

Во законската регулатива на Р.Македонија вршењето, односно впуштањето во сексуална работа претставува прекршок против јавниот ред и мир (чл. 27 од Законот за прекршување на јавниот ред и мир на Р.М, последни измени во 1984), додека

определени други дејствија поврзани со сексуалната работа (подведување, наведување, поттикнување, остварување заработувачка преку овозможување на добивање сексуална услуга) се третираат и казнуваат како кривични дела (чл. 191 од Кривичниот закон на Р.М, 1996).

Значи законски сексуалните работници не се третираат кривично туку прекршочно и немаат третман на криминалци. Последователно ниту полицијата не би требало да ги третира како такви, туку овластувањата предвидуваат доколку истите бидат фатени во акт на вршење сексуална работа („на дело") да бидат казнети со парична казна или казна затвор до 60 дена. За жал, сознанијата од терен и праксата покажува сосема спротивно. Истото го потврдија и интервјуираните.

Всушност, односите со полицијата на улица во Скопје претставува тема за која испитаниците најмалку сакаа да зборуваат, даваа површни или контрадикторни изјави, видливо исплашени од тоа дали информациите ќе бидат пренесени некаде, можеби во самата полиција. Се покажа дека полицијата претставува најголем авторитет и извор на страв за сексуалните работници на улица, многу поголем од стравот од клиентите или макроата од кои како што се гледа во претходните поглавја трпат континуирано насилство. Тоа секако може да се објасни со фактот дека сексуалната работа претставува нелегална активност односно прекршок за што се свесни, но секако се должи и на искуствата кои ги имале со припадници на полицијата.

52.63% од испитаните изјавиле дека полицијата (порано или сега) вербално или физички ги малтретира на улица, 42.1% изјавиле дека никогаш не биле малтретирани од полиција, а 5.27% не одговориле на прашањето.

"Кога се на должност вреѓаат: како го пушиш, у која поза ово-оно, вреѓаат…''

"Понапред, да… Ме маваа, не ми даваа тука да работиме."

"Некогаш ќе ни кажуваат - бегајте од другата страна, и ние ќе избегаме од другата страна. Или ќе ни викаат - работевте, ајде сега да не частите пиво. А ние ќе кажеме - немаме пари, може ли покасно да ве почастиме. И ај да се тргнете од тука.."

“Понекогаш ќе не фатат, и парите ќе ни ги земат, ќе ни запишат изјава, и ништо.“

“Предвчера ја онадиле В, не смеал он, ако ја најдел како се фиксира на тоа место, не смеел гола да ја вади и да ја претресува, требаше во станица да ја носи.”

26.32% изјавиле дека истите малтретирања ги трпат и во станица, кога ги приведуваат, 42.1% истите од претходното прашање, изјавиле дека полицијата не ги малтретира ниту во станица, а 31.58% не сакале да одговорат на прашањето.

“Да, многу ме тепале, и 24 часа ме задржале, ме тепале и така… Не малтретираат како да не сме луѓе.”

“Познатите полицајци, што ги знаеме, не не малтретираат толку. Али овие нови у станица што се..”

Притоа евидентно е, и од личните изјави, но и од изјави на оние кои се нашле во улога на сведок, дека особено подложни на малтретирање се сексуалните работници кои воедно употребуваат дрога. Двојната стигма и двојната ранливост на оваа категорија на сексуални работници се огледа и во двојниот степен на насилство што го трпат.

“Не тепаат во полиција, некогаш не затвараат. А ние наркомани, од страв ќе признаеме и тоа што не сме го правеле.”

“Да, ме имаат малтретирано, сум била во ...., мислеле дека сум наркоманка. Ме претресуваа да ми најдат роба.”

Во некои од изјавите се појавува информација дека при приведувањето се случува “со ракавици вагинално да им бркаат”, меѓутоа за тоа лично никој нема посведочено, туку изјавите се однесуваат на слушнати информации од други девојки, при што никој не знаеше да објасни со која цел им “било вагинално бркано”.

Запрашани дали некогаш им било побарано да имаат секс со полицаец во замена за ослободување при приведување во станица, 26.32% одговориле потврдно, 10.53% негирале, а 63.15% не дале

одговор на прашањето, односно не сакале да дискутираат за тоа. А потоа запрашани дали воопшто на улица им било побарано бесплатен секс од полицаец - 84.21% потврдиле, а 15,79% негирале.

"Да, и тоа пред 3 дена, и тоа без пари, рече - ако не му дадам, тука нема да се вратам."

"Доваѓаат тука, и викаат- ајде со нас. Некогаш милум, некогаш силум."

"Еден полицаец од ----------- ја што го знам, сум морала да идам од страв со него, оти го знам, голем човек е во станица."

"Од ---------- станица… бев со него, ама не ми плати… да, да, беше облечен во униформа."

"Понекогаш доаѓаат безвезе, дојди ај да направиме однос, кој ќе знае…да ми го лапнеш, да ми го пушиш, еднашка ваму, таму и работи."

"Четворица (резервисти)…И пушење и ебење… (и на крај ти платија?).. Не, и уште што ги имав, и тие парите ми ги земаа."

"Не знаев дека е полицаец, нормално ме понуди за пари. Без униформа (беше). (ти покажа ли легитимација?) Не, отпосле, од кога почнав да викам, не сакам, да се тргам, отпосле ми покажа легитимација."

"Им дадов од страв, пиштолот у рака, кај ќе одам."

"Да, пуно имало. Во месецот 2-3 пати имало."

"Ќе ти покаже значка, ако си свесна дека можеш да му се дереш, сега знам, не му се плашам веќе, ќе му речам - ако си тука блиску од оваа станица, и со сила можеш да ме приведеш, и… а можеш и да ми платиш, а секс со сила не можеш да имаш со мене. (Порано им се плашеше?) Не сум знаела што значи значка."

Притоа лицата кои изнудуваат бесплатен секс подеднакво доаѓаат и униформирани, но и во цивилна облека, користејќи ги

службените легитимации како доказ и закана дека се припадници на полиција. Најчесто, ако не и во сите случаеви, полицајците го добиваат тоа што го сакаат од девојките користејќи го нивниот страв од приведување, одмазда, или навлекување на гнев што би се одразило во иднина.

Последователно, токму заради истите причини, ваквите настани многу ретко се пријавуваат во полиција, или дури и кога се пријавуваат, колегите полицајци штитејќи ги меѓусебните интереси, не реагираат на истите ниту потегнуваат истрага и прогон.

"Не. (зошто?)…Зошто тие ми претат, ако го пријавам, тешко си на мене."

"Не, не сум го пријавила зошто е он таму во полиција како командир на оддел, и не сум смеела."

"Не, се плашев, имав страв, ме предупредија."

"Еднашка имам пријавено двајца џандари, и ништо… џандари цивили и значки покажаа… не знам од која станица беа, и ги пријавив во ---------. Едниот таму рече дека - ништо не можеме да направиме, бидејќи да те однесеме на тест ти немаш сперма од нив, како второ облеката да ти е искината, а како трето не гледам нигде гребнатинка, значи самоволно си дала. Па нормално, велам, кога ме бутнале во кола, јас сама, они двајца."

Од последнава изјава се гледа дека надлежните лица воопшто не направиле обид да утврдат дали пријавата е лажна или вистинита преку упатување на лекарски преглед, туку со самоволно давање заклучок, не отвориле ниту случај, со што извршиле грубо кршење на основните човекови права на еднаквост и еднаков третман пред законите.

Ваквиот однос на полицијата ги демотивира девојките да ги бранат своите права преку надлежните институции, со што од друга страна, како во магичен круг, се мотивира самото насилство и повторното кршење на човековите права. Воедно се губи довербата во институциите на власта, се врши повлекување, изолирање и маргинализирање на цела една општествена група.

Така да, запрашани дали во случај кога трпат насилство на улица (од клиент, партнер и сл.) бараат помош од полиција 31.15% изјавиле дека не бараат помош, тргнувајќи токму од недовербата дека истите ќе реагираат на повиците за помош:

“Немаме шанси, кој ќе не дослуша, ќе искочиме дека лажеме.”

“Не, никојпат не смееш ни да бараш, ќе те фатат на дело, ќе те приведат.”

“Не, за џабе. Пуно девојки од тука пријавувале, и им рекле - сами си го барате, што барате таму, што има да се пријавува.”

63.15% изјавиле дека имаат барано помош од полицијата во случај на напад или насилство, при што искуствата се различни.

50% од нив изјавиле дека полицијата воопшто не реагирала на нивните пријави:

“Не реагираат… Никако.”

“Досега ниеднашка ми немаат помогнато.”

“И ти си крива, мораш ли да идеш таму, кој ти е крив…”

“Ти вика - сама ќе си го решиш проблемот.”

Додека 50% изјавуваат дека понекогаш полицијата соодветно реагира на пријавите:

“Да, бев кај С дома, четири, пет дена дома ме држеше таму. И дојде полиција, интервенираше и сега он је во затвор.”

“Ма некои реагираат добро спрема нас, ни пружаат помош.”

“И овие што биле, како резервисти, и они ме заштитуваа од едни, им покажаа легитимација, и они се тргнаа на страна.”

Меѓутоа, позитивните реакции сепак не се јавуваат како редовни појави, туку инцидентни, што најмногу зависи од лицето

кое е на должност и неговите лични ставови (позитивни или негативни) кон сексуалните работници.

“Некои од нив се ангажираат, некои не. А и они си бараат после да имаме односи со нив.”

“Некогаш реагираат на време, некогаш не. А повеќето не. И после викаат па заузети сме биле.”

И рациите се редовна појава на улица. Зависно од периодот и тековните акции на полициските единици, понекогаш рациите се случуваат редовно, а понекогаш во интервал од неколку месеци.

Законската основаност на приведувањето и барањето информаци без налог или писмена покана не е тема на оваа студија, така да фокусот беше ставен на тоа што се случува при ваквите рации.

Според изјавите, при рациите воглавно ги собираат сите или поголем дел од лицата што се во тој период на улица, ги носат во станица, ги држат по неколку сати најмалку, им ги зимат парите, им издаваат потврда за тоа и воглавно бараат информации од нив. Информациите што ги бараат се однесуваат на тоа што се случува на улица, кој и каде краде, кој користи или препродава дрога и слично.

Повторно како посебна цел на полицијата при рациите се јавуваат сексуалните работници кои употребуваат дрога, кои почесто од другите се собираат од улица и подолго се држат во станица. Меѓутоа испитаниците не сакаа да даваат подетални изјави за тоа што точно се случува на тие испитувања, каков тип на информации се бараат од нив, и дали во насока на изнудување информации се изложени на насилство, уцена и тортура.

“Не држат таму, не запишуваат… не држат до 12ч, 1ч во ноќ, некои женски ги држеле до сабајле, а мене ме држеле до 11ч, 12ч,1ч во ноќ..”

“Ќе ни земат име и презиме, ќе не држат 5-6 саати и ќе не пуштат. Прашуваат што се случува таму доле - кој крадат, кој се со дрога…”

“Таму не прашуваат дали сме наркоманки или не. (И ако сте наркоманки што?) Па ги задржуваат малку повеќе, па не знам, пошто јас не сум наркоманка и не знам што прават таму.”

“Не носат у станица, не прашуваат кој краде кој не. Да работиме за нив. И ти вели, и ти си била со него, мада и да не сум била со него. А колку да знам дека некој краде, јас не смеам да кажам..”

Од добиените искази може да се увиди дека недореченостите и празнините во законската регулатива за сексуална работа во Македонија, поткрепено со личните предрасуди и дискриминацијата кон сексуалните работници доведуваат до користење на репресивни мерки од страна на полицијата и грубо кршење на основните човекови права загарантирани во Уставот на Р. Македонија - право на еднаквост и еднаков третман пред законите, забрана на дискриминација, забрана за нечовечко, понижувачко и деградирачко однесување и третман.

Во текот на интервјуирањето добивме и сведоштво за едно групно силување кое го извеле лица претставувајќи се како полицајци. Она што е симптоматично во овој случај е неговиот епилог - и покрај постоечките докази и постоењето на сведок, сепак случајот од непознати причини нема позитивна завршница за оштетената страна :

“Тројца ми излегле од позади, ми вика дека е полиција, Јас му викам дечко ако си полиција - викни комби јас ќе се качам, ако сум направила нешто. А они ме гурнаа, ме ставија со сила и ме носеја накај ........, првијот мост одма тука, до десната страна има една куќа, тука ме ставиле во една соба. И еден по еден, ме натераа да му го пушам, од г’з, од пичка, све и тоа без куртон. Послем едниот отидел па другиот дошол, а еден што беше најдебел, тој највише ме малтретираше. Катилски ме тепал, плус парите ми ги земал, 50 марки. И сабајле он рече чекај тука да земам колата да те носам назад. А ја застанав камион , по патот стопирав накај Идризово. Пред капијата се симнав реков вака и вака силувана сум од едни, ве молам викнете полиција и они ми рекле седи тука. А седев тука внатре со полицајците. Викнале полиција од ....., дојде комбе ме земале таму ме однеле они гледале таму знаеш дека неможев очи да отворам, ми се спиеше малтретирана. Дојде командирот и ме прашува дали го знаеш местото. Да, и ги носев на тоа место каде

ме носеле. Баш еден стар гледал, кога ме ставиле тие вонатре, од прозор. И викам тука е куќата, а тој човекот им речол ако ги барате тие едни дечки вчера биле тука со едно девојче, ја влечкаа. И отидовме кај еден хотел натаму има еден магацин, таму работеше еден нивни другар. А тие ме однеле таму за да покажат дека имаат женска. И отидовме тамо, дечкото ги кажал имињата дека биле тука. Се вративме во станица, значи ги зимале и дечките, значи сите ги фатиле. Ги земала полиција, у комбе ги донеле у станица. И сега ме испрашуваат у станица пред нив да зборувам - така ми направиле. И дојдел еден инспектор не носиле со кола во болница у кајшто се зима сперми. И влезев вонатре, ја се срамев дека беше машко, а он вика соблечи се, јас многу женски гледав, па тебе. Ја се соблечов, плус и гаќите беа со сперма, плус и маицата, они ми свршија у уста, јас плукнав, плус и вонатре свршиле. Инспекторот ми рекол да, ја најдовме спермата, од дечките е. Пак ме носиле у станица и више ништо со нив, не ги гледав, ни ништо. Платив адвокат 500 марки. Адвокатот никакви мерки не презеде. Оставив уште еден адвокат и второт адвокат после ми викаше - го бришеле случајот - нерешено.’’

## 8.6 Droги

Постои комплексна поврзаност меѓу комерцијалната сексуална работа и употребата на дроги, така да е мошне тешко да се дефинира и демонстрира причинско последичната врска помеѓу нив. Како и да е, обете ги поврзуваат слични иницијациски фактори како нарушувања во семејството, социо-економска депривација, ниско ниво на образование, изложеност на физичко, психичко и сексуално малтретирање во детството итн.

Бројни се ризиците поврзани со употребата на дроги, особено со нивното инјектирање - зависност, ХИВ/СИДА, Хепатитис Б и Ц, оштетувања на вените, предозирање итн. Сексуалната работа на неколку начини ги продлабочува проблемите и ризиците поврзани со употребата на дроги:

- Приходот остварен преку давање на сексуални услуги влијае врз зголемувањето на дневната доза и фреквенцијата на употреба;
- Употребата на дрога/алкохол влијае врз однесувањето, односно поголема е веројатноста да КСР кои користат дроги/алкохол прифатат сексуален однос со клиент/партнер без соодветна заштита (кондом) изложувајќи се на поголем ризик, особено при изразен апстиненцијален синдром (криза);
- Сексуалните работнички кои користат дроги се поизложени на притисок и малтретирање од страна на полицијата, почесто се приведуваат и подолго задржуваат во полициските станици;

Во ова истражување, поради присутноста на сцената и последиците кои ги носи неговата употреба, главен акцент е ставен на употребата на хероин меѓу КСР.

Од 19те испитанички 52.63% (10) користат хероин. 80% од нив го користат секојдневно, 10% користат еднаш неделно.

Најчесто се користи кафеав хероин чија чистота и квалитет варира. Цената на 0.25 гр. хероин се движи од 200 ден. во Шуто Оризари до 500 ден. во другите делови на градот. Земајќи во предвид дека просечната дневна доза на испитаничките кои користат хероин изнесува околу 0.75 грама, излегува дека комерцијалните сексуални работнички кои употребуваат хероин

трошат помеѓу 30%-80% од својот  приход за да ги задоволат дневните потреби.

Според спроведените интервјуа, 60% од испитаничките кои употребуваат хероин започнале да го користат  пред да започнат да даваат сексуални услуги, односно започнале да нудат сексуални услуги за да дојдат до материјални средства за набавка на дрога за себе и - неретко за партнерот.

Всушност, постојат податоци дека во многу случаи и во различни заедници макроата/партнерите ги наведуваат сексуалните работници да зимаат различни дроги со цел полесно да манипулираат со нив и нивниот профит.

20% од испитаниците во Скопје изјавиле дека започнале да земаат дрога под принуда и тоа од партнерот/макрото.

"Кои се причините да започнеш да земаш дрога?
Ќотекот, како кои. Ме тепаше ------- .
Значи тој те тепа за да земаш дрога со сила.
Да, со сила и сега сум зависник и сум заљубена во неа, во дрогата.
Дали на некого тоа му го кажа, дали побара помош од некого, го пријави ли во полиција?
Не смеам да кажам зошто од него се плашам - тепана сум многу. Ако кажам треба од овој град  да се иселам."

20% го наведуваат љубопитството како главна причина;

"Се фатив со еден наркоман, он зимаше, а ја од радозналост пробав.
Тој ли ти даде или сама зема?
Не, сама јас земав - сама сакав да пробам - ми се уарни - и јас продолжив.
Како мислиш, ти се уарни?
Така, убаво ми дојде дејството, ме опушти, едноставно убаво ми дојде. Друго е чувство, друго е дејство, те тера на спиење, не мислиш на проблеми, се ти е равно."

10% од испитаничките дрогата ја набавуваат од постојан дилер, а 70% од различни дилери, најчесто посредно, преку заштитникот/дечкото/макрото. Дрогата најчесто ја купуваат  во „паковка'' (0.25 гр. хероински прав), но  случува да макроата/партнерите на девојките им набавуваат/даваат хероин

веќе подготвен во шприц, што само по себе носи зголемен ризик од предозирање (непозната чистота, односно концентрација на хероин во подготвената доза), како и од инфекција со крвно-преносливи инфекции (контаминација на приборот при процесот на подготовка, како и користење на веќе употребен прибор).

Честа е појавата на девојките да им се нуди дрога наместо пари како надоместок за сексуалните услуги. Така, 10.52% од испитаничките кои користат хероин прифатиле ваков вид компензација, најчесто со лицата од кои ја набавуваат дрогата во ситуации кога немаат пари и при апстиненцијална криза.

"Дали се случило да ти побараат секс за дрога?
Да, кога не сам имала паре.
Колку дрога ти даде за односот што го имавте?
Повеќе ми давал, за два-три дена да имам.
Колку пати се случило тоа?
Многу пати, кај дилери."

Иако разменувањето дрога за секс е релативно често со лицата од кои набавуваат дрога, сексуалните работнички избегнуваат да го практикуваат овој вид на размена со клиенти и непознати бидејќи се плашат да не бидат излажани, односно да им биде подметнат неквалитетен или лажен хероин.

"Дали се случило некој клиент да ти понуди дрога наместо пари во замена за сексуални услуги?
Да, ама јас сум го одбила, сум се плашела да не ми пушти „сакал'', мислам да не е роба (хероин) туку земја."

10% од интервјуираните КСР користат хероин исклучиво на фолија, 60% хероинот го инјектираат, а 30% го користат комбинирано, односно и на фолија и го инјектираат.

Сите испитанички кој инјектираат хероин, истиот го земале најпрвин преку преку цигара/на фолија, а потоа преминале на инјектирање. Периодот на премин кон инјектирање се движи од 2 па до 8 години, што е релативно долг период споредено со просекот на Скопската корисничка сцена (од 6 до 8 месеци). Ниту една од корисничките кои го инјектираат хероинот не го инјектирала самата првиот пат, туку тоа го направил друг (поискусен) корисник - партнерот или другарка.

20% сами го подготвуваат (куваат) хероинот, 20% ја делат со друг, 40% комбинирано (и сами и ја делат), а 20% не дале одговор.

Од оние кои изјавиле дека ја делат, 50% ја делат со друштво, 16.66% со другар, 16.66% со дечкото, а 16.66% не одговориле. Една од интерјвуираните изјавила дека употребува хероин заедно со својата мајка.

Хероинот се „кува" (готви/спрема) со додавање вода и лимонтус, обично во алуминиумско капаче од шише или лажица, се филтрира со „влечење" на дрогата со шприц преку памучен филтер или филтер од цигара и се инјектира во вена. Според интервјуираните, при заедничка употреба подготвената дрога се дели најчесто по „кувањето'' со „предно полнење'' (целото количество подготвена дрога се повлекува со еден шприц, се става игла на шприцот, иглата се внесува во предниот отвор на друг шприц и во него се вбризгува одредената доза) . Поретко се случува секој со својот шприц да ја повлече дозата директно од садот во кој е подготвена дрогата.

Што се однесува до практикувањето на побезбедно инјектирање, 40% секогаш употребуваат чиста (нова) опрема, 20% не користат чиста опрема, а 40% од испитаничките не дале одговор на ова прашање.

Опремата најчесто ја добиваат од теренските работници на ХОПС или купуваат шприцеви и игли од околните аптеки, каде една игла чини 2 денари, а шприц 7 денари. Според изјавите на корисничките, тие иако свесни за ризикот, се принудени да употребат веќе употребена опрема за инјектирање при кризи, кога немаат време да набават нова и во доцните ноќни часови, кога аптеките и Програмата на ХОПС за размена на опрема за инјектирање се затворени.

Во однос на третманот на хероинската зависност, тргнувајќи од изјавите на интервјуираните, наметнува заклучокот дека КСР кои користат хероин покажуваат ниско ниво на заинтересираност и мотивираност за вклучување во некои од постоечките програми. Постојат повеќе причини за ваквиот однос, а меѓу позначајните се:

- Сексуалните работнички често работат и за да го финансираат користењето дрога на партнерот, што во голема мерка влијае на личниот капацитет и мотивација за третман;

- Немањето здравствено и социјално осигурување дополнително го отежнува пристапот кон институциите кои нудат третман;
- КСР ги нудат своите услуги до доцна во ноќта, а спијат преку ден, така да тешко би можеле да се вклопат во дневниот ритам на програмите за третман;
- Програмите за третман немаат посебни оддели за жени; КСР поради честото малтретирање од лица со машки пол се чувствуваат непријатно, тешко соработуваат и се многу затворени кон машкиот персонал;

## 8.7 Околина

Кога се анализираат и дискутираат взаемните односи меѓу непосредното социјално опкружување и комерцијалните сексуални работнички, битно е да се опфатат две клучни нивоа на влијание. Првото ниво вклучува фактори кои влијаеле, односно придонеле да лицето се впушти во давање на комерцијални сексуални услуги, а второто ниво се однесува на односот на околината кон истото тоа лице кое веќе се впуштило во сексуална работа.

Средна возраст на започнување со сексуална работа е 21 години, со распон од 14 до 44 години. 6 или 31.28% од испитаничките започнале со давање сексуални услуги како малолетни лица.

47.37% од интервјуираните КСР ја наведуваат бедата, односно лошиот социо-економски статус како директна причина за нудењето на сексуални услуги во замена за пари.

Недостатокот на сопствени економски ресурси во најголем број случаи е директно врзан со влијанието на непосредната околина односно семејството. Традиционалната патријахална структура на семејството која ја позиционира жената како подредена и зависна од мажот како глава на семејството, нарушената семејна структура односно недостатокот од родителска грижа во детството, прераното стапување во брак (најчесто договорен – карактеристичен за Ромската заедница), следени од ниското ниво на образование, односно

неконкурентноста на пазарот на трудот од една страна, и транзиционите општествени токови следени од општа безработица, беспарица и лимитирани можности за социјална и општествена помош/поддршка од друга страна го формираат клучниот склоп на состојби и околности кои ја принудуваат жената да прибегне кон повремено или постојано разменување на секс како извор на средства за задоволување на основните животни потреби.

“Од немаштија - по другарки ваму таму, по музики, гледав пара ваму таму, друго во Југославија беше... Гледав како јадат, како пијат, по музики. Јас тогаш немав ни татко ни мајка. Бедно пораснав. (А ти сакаше да живееш како другите луѓе што живееле?) Да. Гледав една другарка све со пари, еден ја нудеше пари пред мене, а мене ми паднаа слатко парите. (И така си почнала) Да и почнав и даље. (Извини вака, дали твојата невиност ја изгуби во проституција или?) Не, прво бев мажена, он имаше жена, а стар човек беше 80 години, во Косово ме дадоа. Имав 15 години, а тој 80. Кај нас Ромите не се гледа ни старо ни младо. Понапред немаше да се гледаме со дечко, да, ми најдоа еден маж стар и така седев три месеци и побегнав што е стар. И затоа почнав со другарки и така станав проститутка.”

Ранливоста на жената во една родово-дискриминирачка средина каква што е патријахалната драматично се зголемува по развод или раскинување на вонбрачна заедниница. Во услови на директна зависност од мажот и често изложена на сите видови семејно насилство (вклучувајќи го тука и сексуалното насилство) жената е ставена пред тежок избор – дали да продолжи да го трпи насилството за сметка на каква – таква економска сигурност или да ја напушти брачната заедница и директно да се соочи со моралната осуда и неприфаќање на околината која по правило во неа ја лоцира главната вина. Немајќи други можности за приход (освен минимална социјална помош и/или поддршка од родителите и роднините) жената е принудена да прибегне кон сексуалната работа, како би можела да се издржува себеси и своите деца.

“Па немаштија, разведена од мажот , па нема на кого да се обратам, па сум морала.”

“Ме наведе од немање, имам три деца, имам едно посвоено, имам и кај мажот деца, неможам да опстанам, све што имав продадов, додека можеше мајка ми ме помагаше, више немам излаз, затоа.”

“Три години се занимавам со оваа работа, откако отиде маж ми затвор.
(А зошто е маж ти во затвор?)
Ја силувал ќерка ми.
(Колку години имаше девојчето?)
17 години
(Како ти ли го фати?)
Јас го фатив и плус полиција и така.”

26.31% од испитаничките ја наведуваат, односно врзуваат употребата на дрога со нивното инволвирање во сексуална работа, водени од секојдневната потреба за дрога односно материјални средства за нејзина набавка, најчесто наведени/натерани од пријатели/партнери со кои заедно користат дрога или други постари сексуални работнички кои користат дрога.

“(Кои беа причините што те натераа да започнеш со оваа работа?)
Дрогата, кои други.”

“Ме научи една другарка да стопирам коли - стопирај коли нон-стоп, стопирај за да имаш пари за роба.”

“Па тој еден другар ----- ме однесе кај ------- и тамо видов дека има дрога... И после тоа почнав да идам сама, да ми дава дрога. Еднашка, тапа издрогирана ми најде еден странец, 3000 ден. И така ме излажа, евети еден странец, заврши една партија, ќе си земеш 3000 денари, ќе имаш и за дрога - и за роба и за гардероба. Наместо да крадеш од дома, вака можеш да се снабдуваш.”

10.53% (2) од интервјуираните започнале да даваат сексуални услуги под притисок или директна принуда од партнерот (макрото), врзано или неврзано со употребата на дрога.

“Па, у врзи дечко ми, му требаа парите за дрога. Првиот пат така он ми најде за дрога. Па после самата излегов. Ради него.”

“Со сила  -------  ме натера. Јас сум била конобарка, он идеше у кафана. Ме извади од кафаната и ми рече дека ќе работам на ова место. Првпат бевме кај факултетот после ми наоѓаше муштерии...”

Традиционално, околината има негативна перцепција кон сексуалната работа како неморална појава и сексуалните работнички  имаат многу низок општествен статус што се одразува на нивниот секојдневен живот.

Отфрлањето и избегнувањето од семејството и пријателите, изнајмувањето на стан или соба за живеење, пронаоѓањето на друга работа надвор од сексуалната работа, воспоставувањето на интимни и семејни врски би можело да биде проблем доколку околината знае дека заинтересираната страна се занимава или се занимавала со сексуална работа.

Стравувајќи од наведеното, најголем дел од сексуалните работници живеат двоен живот во два различни света: светот каде продаваат секс, и личниот/приватниот свет. Трудејќи се да опстанат и во двата света подеднакво, истовремено внимавајќи да ги држат одвоено, трпат континуиран психички стрес кој покрај задравствените последици повторно се јавува како фактор за појава и на други облици на ризично, но и општествено неприфатливо однесување: зголемена употреба на алкохол, седативи или други видови на психотропни супстанци.

Потесното семејство на 36.84% интервјуирани знае дека тие нудат сексуални услуги за пари. Односот на семејството варира од интервјуирана  до интервјуирана од целосно отфлање и прекинување на сите контакти со неа,  обиди и убедување жената да се одврати од сексуалната работа (вербални или со примена на физичка сила), до резигнација, помирување и прифаќање. Некои од семејствата како поголем срам и проблем го доживуваат раѓањето на вонбрачно дете од страна на интервјуираната како акт кој ја прави нејзината “неморалност” видлива за околината, отколку самото нудење сексуални услуги на улица.

52.63% од испитаните изјавиле дека роднините односно поширокото семејство и пријателите знаат што работат. За разлика од потесното семејство, нивните реакции во 100% од случаите се  негативни,  изразени преку  отфрлање, омраза, омаловажување, избегнување и упатување на директни вербални навреди.

На 94.74% од интервјуираните сексуалната работа им е единствен извор на средства за егзистенција.

26.32.% би  се откажале од сексуалната работа доколку најадат некаква друга работа.

“Да ја оставам дрогата, не би идела никад више.”

“И најгрозно нека е, чистачка и што и да е, само да е пристојно, би работела.”

“Стабилна плата да имам и нормално да преживеам, да јадам и кирија да платам. (Колку мислиш дека би ти било потребно, еве по твое да заработиш за да преживееш?) До десет илјади. Тоа е све сосе киријата. Десет илјади, дванаесет илјади. Имаш да преживееш, за една особа.”

## 8.8 Ранливост на сексуалните работници кон присилна сексуална работа/сексуална експлоатација / трговија со луѓе

Сексуалните работници преетставуваат група која заради природата и условите на својата работа, а особено предрасудите поврзани со истата директно подложат на еден од најголемите современи проблеми - на модерното ропство на денешницата како уште се нарекува трговијата со луѓе.

Трговијата со луѓе претставува транснационален криминал кој во својата суштина го има најгрубото кршење на основните загарантирани и неотуѓиви човекови права: правото на слободата и сигурноста на личноста, забрана за тортура и нечовечки третман, забрана за засновање ропски однос итн., а се со цел остварување на економски/финасиски профит за трговците со луѓе и нивните соработници.

Трговијата со луѓе е комплексен меѓународен проблем кој потекнува од други тешки проблеми поврзани со процесите на транзиција, сиромаштија, конфликтни или постконфликтни периоди во земјата, корупција, недостиг на можности при што секој сонува и се надева на  подобра иднина каде визијата за градот во однос на селото, и уште повеќе визијата за „запад” како еднаква можност за секого доведува до ранливост и подложеност на лажни ветувања и манипулации кои не ретко можат да доведат до тргување со цел експлоатирање.

Со луѓето (подеднакво мажи, жени и деца) се тргува заради најразлични причини, меѓутоа сепак земјите од светот пријавуваат дека најчесто се тргува со девојки и жени со цел сексуална екплоатација, односно да се присилуваат на сексуална работа, при што најчесто се употребуваат уцени, закани, насилство, тортура и други нечовечки и деградирачки мерки.

Тргнувајќи од горенаведеното, теоретски може да се претпостави, а за жал тоа и практично се потврдува дека особено ранливи на сексуална експлоатација се оние кои заради најразлични причини се решиле или се нашле во ситуација да свесно нудат сексуални услуги за пари. Условите на работа, а особено предрасудите дека тие кои „и така веќе се занимаваат со сексуална работа” или „и бездруго тоа го работат”, најлесно можат да се придобијат или убедат, одејќи до таму да се

претпоставува дека „па тие тоа и го заслужуваат", доведува до тоа да сексуалните работници се особена мета на трговците со луѓе.

"Постојат податоци од многу земји за функционирањето на внатрешниот пазар на проституција, што доведува до заклучокот дека синџирот на трговија со сексуални работници, многу често започнува на локалниот пазар. Сводниците/макроата кои поседуваат жени локално и го контролираат внатрешниот пазар на проституција, често ги продаваат или ги префрлаат од место во место. По некое време овие жени се продаваат во странство.

Постои недостиг на разбирање од страна на агенциите за јавна безбедност за постоењето на меѓузависност во борбата против насилството на жените, вклучувајќи го и насилството врз сексуалните работници и борбата против трговијата со жени за сексуално искористување. Последователно, трговијата со жени не се спречува на внатрешно ниво пред тие да бидат продадени во странство.

Постои исто така недостаток на разбирање за проблемот од страна на полицијата. Полицијата веќе ги гледа странските жени како потенцијални жртви на трговија со луѓе, но има проблеми во применувањето на истите стандарди на локалните пазари на проституција. Постои податок дека полицијата често ја искористува својата позиција за да соработува со сводниците и да направи профит од локалниот пазар на проституција. Од таа причина тие неволно се справуваат со прашањето на насилство и внатрешната трговија.

Од друга страна, постојат примери во регионот каде полицијата, под изговор дека се бори против трговијата, спроведува масовни рации без претходно прибирање на неопходните докази за судски прогон на трговците. Вообичаениот исход од таквите рации е малтретирање на жените кои доброволно или присилно работат во сексуалната индустрија и нивното депортирање, додека сопствениците на барови, сводниците и трговците остануваат на слобода." (Трговијата со луѓе во Југоисточна Европа, 2003, УНИЦЕФ, УНОХЦР, ОБСЕ и ОДИХР)

Во однос на трговијата со луѓе, Македонија долго време важеше за земја на транзит, односно земја низ која тргуваните лица минуваат на патот кон западните земји, за во последните 10 години и целокупната ситуација која се случуваше (воен конфликт, затворени граници, концентрација на странски и

домашни воени сиили и слично) да премине во земја на дестинација за голем дел на лица претежно од Молдавија, Романија, Украина и другите бивши советски републики.

Во последните неколку години особено се дебатира и за тоа дали Македонија веќе премина и во земја на потекло на тргувани лица, внатре и надвор од Македонија, меѓутоа ставовите околу тоа сеуште не се усогласени. Невладините организации кои работат на теренот, кои делуваат во самите локални заедници и претставуваат прв идентификатор и филтер на се што се случува во една заедница алармираат и предупредуваат дека македонските државјани, особено жени и деца и тоа како подложат на трговија со луѓе, додека официјалните власти тоа го негираат тврдејќи дека за такви случаи сеуште немаат добиено пријави.

Без да навлегуваме во дискусија за тоа дали ваквите официјални ставови се реален приказ на ситуацијата, и зошто полицијата не добива официјални пријави за случаи на тргување со луѓе од земјава, а тргнувајќи од претпоставката дека сексуалните работници кои работат на улица, поради низа фактори кои се образложени во сите поглавја одделно можат да се сметаат за група ранлива на трговијата со луѓе (и внатрешна и надворешна), сакавме да провериме дали сексуалните работници на отворено во Скопје се соочуваат со информации или лични искуства во однос на овој проблем и кои моменти можат да бидат сфатени како индикатори за потенцијален ризик.

Според официјалните податоци, трговијата со жени за сексуална екплоатација во Македонија се одвива во илегални бордели и станови, поради што испитаниците најпрво беа запрашани што мислат за идејата да работат во некои од илегалните јавни куќи наместо на улица, и последователно за нивните искуства со понуди за работа во такви локали како индикатор за нивните сознанија и ставови што може да се земе како фактор на ризик во однос на злоупотреба и тргување.

68.42% испитанички изјавиле дека сметаат дека би им било подобро доколку своите сексуални услуги би ги нуделе во некои од локалите или илегалните јавни куќи наместо на улица. Истите како причини за ваквиот став истакнуваат дека таму не би биле толку видливи како на улица, значи и не толку директно осудувани, дека би биле побезбедни и заштитени (од насилство, полиција, па дури и временски непогоди), и дека би можеле да одржуваат лична хигиена, што на улица не е возможно.

Тргнувајќи од наведеното некои од нив размислуват и посакуваат отварање на легални јавни куќи во Р.Македонија:

“Јас сум сакала новава влада да ни отвори, овие што се Министерство за здравство подобро е да отворат јавни куќи. Како во Германија, мене ми е срам, утре, други ден на улица, таму ќе имаш хигиена, ќе имаш доктор, и дали си трудна, или некоја болест. Кога ќе бидеш утре на 60-70 години кој ќе те финансира, таму одат сите жени во пензија.”

На 31.58% од испитаниците веќе им била понудена работа во илегални куќи/локали, а на 47.37% од испитаничките им била понудена работа во западниот и југозападниот дел на Македонија (Тетово, Гостивар, Струга).

“Ми понудиле во Тетово шанкерка, да мијам садови, не знам макрото дали ќе се сложи. Тоа беше во во неделата навечер, тој беше Македонец, не Албанец, во Тетово во Центарот.”

“Еве има сега две Ромки работат таму во Тетово, тука наши проститутки, затворени се негде или доброволно отишле, еве они 4-5 месеци се таму. Тука им беше срам од полиција и роднини.”

Дел од нив не ги прифатиле понудите, стравувајќи од тоа што може таму да се случи, што потврдува дека меѓу нив кружат информации за принудите и малтретирањата со кои можат да бидат соочени, иако истото сеуште не можат да го дефинираат како трговија со луѓе. Интервјуата не покажуваат дали вакавите информации се резултат на лични сведоштва на познати лица или се сретнати во медиуми и други извори.

“Многу ми нуделе ама ја не сум отидел. (Зошто?) Зошто сакале газдите да тепаат и се. Да се иживљаваат, затоа не отидов.”

“Лошо е таму, кој иде таму враќање нема.”

“Конобарка, од конобарка се знае, во проституција, ќе те фатат таму и нема да дојдеш наваму.”

36.84% добиле понуда за работа надвор од Македонија. Запрашани за каква работа станува збор, 3 одговориле „работничка", 1 како танчерка, 1 како проститутка, 1 го наведува можниот брак како причина, а 1 не дала одговор.

"Ми нуделе во Турска, тој е Босанец, не ми се верува, тој сака да ме продаде во јавна куќа, во Турција да работам, а после што ќе правам таму ако газдата ме избрка, во Турска што ќе правам."

"Јас си имам деца, малку подалеку си мислам, морам да бидам со нив, да ги издржувам, немаат татко, не би го прифатила тоа."

21.05% изјавиле дека веќе имаат престојувано во илегални бордели, претежно во Македонија:

"(Дали си била некогаш во јавна куќа?) Да. (Каде?) Во Тетово и Куманово, во кафана како проститутка и конобарка. На газдата му требае пари, ако е 100 марки - 50 за него, 50 за мене. Имало и две-три други девојки."

"Кај една кај што живеев под кирија. Она ми носеше клиенти и ми грабаше пари. А тоа е јавна куќа, за тоа знае и полиција, таму иде и наркоманка и курва."

Притоа, зборувајќи за престојот во илегални бордели во Македонија, се соочивме со директно сведоштво на жртва на внатрешна трговија со луѓе, што за жал, ги оправда наште сомневања дека сексуалните работници се ранлива група во однос на тргување:

"Знаеш, му дужев на ---- пари и таму ме продавал во Гостивар. Не знам за колку пари ме продавал, земал пари за мене само знам.
И?
И така седев таму со тепање, и еве, некако се вратив.
Што, сама се врати?
Не, со полиција. Рација имаше, што ги собираат сите женски, и мене ме собрале.
Добро, таму те малтретирале ли, те тепале ли?
Многу.
Каде беше тоа?

Во Гостивар.
Во градот или во селата?
Во град, во Стаклара.
Што правеше таму, само проститутка ли беше?
И проститутка и конобарка и шанкерка и за горе и све.
А парите што ги добиваше, дали беа за тебе или за нив остануваа?
За газда.
Дали ти даваше храна?
Два пати на два дена.
Дали ти купуваше облека?
Не.
Како, беше гола?
Не облечена, од другарки се облекував.
Дали таму имаше кондоми?
Да, кондоми обавезно.
Дали клиентите беа странци?
Се Албанци, од кругот на Гостивар.
Колку девојки имаше таму?
Пет-шест.
Од каде беа?
Беа - Молдавија, Украина, Бела Русија, Румунка, Бугарка.
Колку време биле тие таму?
Три недели, четири и во други кафани продавани.
А ти колку време остана во таа кафеана?
Година.
Газдата беше млад или стар?
На години беше.
Колку муштерии имаше, за колку пари?
Саат време 50 евра, ако сака поише од саат, на саат 30 евра.
По колку луѓе имаше на ден?
Десет до дваесет луѓе.
Дали преку ноќ работеше или се одмараше?
Ме пушташе да работам све до сабајле, така ќе работевме.
Не проба да избегаш некогаш?
Покушав два пати, не можев.
Он те откри дека сакаш да бегаш?
Таму е со аларм и не можеш да бегаш, ако одиш до врата одма алармот сигнал дава.
Кога полицијата ве откри, што им кажа?

Ми беше страв и ништо не можев да кажам, чекав да ме донесат. Кога ме донесоа без пари, без алишта, ме пуштија дома да си одам со еден папир.”

Недовербата во полицијата како резултат на претходни негативни искуства на улица, стравот од осуда или дополнително насилство, неинформираноста и непостоењето на сервиси кои би им се понудиле како опција се фактори кои доведуваат до тоа да жртвите од редовите на сексуалните работници немаат желба и иницијатива да ги пријавуваат или споделуваат ваквите искуства, туку обидувајќи што побрзо да се вратат на секојдневниот живот ги потиснуваат и се надеваат дека што побрзо ќе ги заборават...

# 9. Заклучоци

1. Општо земено, испитаничките поседуваат релативно задоволително ниво на знаење за ХИВ/СИДА и СПИ, вклучувајќи ги тука начините на трансмисија, како и можностите за превенција. Голем број од нив применуваат заштитни мерки со клиентите. Од друга страна практикувањето на безбеден секс со примарните партнери (макроа итн.) во најмала рака е проблематично. Исто така како проблем се наметнува третманот на одредени клиенти како „постојани'' и следствено непрактикувањето на безбеден секс со овие лица. Не смее да се занемари ни влијанието на физичкото насилство врз практикувањето на побезбедно однесување.

Во однос на сексуалното и репродуктивно здравје на КСР искуствата и набљудувањето на терен ни покажуваат дека и така многу нискиот степен на свесност и мотивираност за редовни гинеколошки прегледи, уште повеќе се намалува со фактот дека сексуалните работнички не поседуваат здравствено осигурување и дека треба да платат за прегледот, за што често и реално немаат пари да одделат.

Од гореспоменатото се заклучува дека при дизајнирањето на интервенциите насочени кон КСР, покрај зголемување на свесноста за ризиците од ХИВ и СПИ треба да се стави акцент и на практикувањето безбедно однесување со клиентите, примарните и останатите партнери, кои не се клиенти. Ваквите интервенции треба да тежнеат кон зголемување на капацитетот и ефикасноста потребни за успешно „преговарање за безбеден секс'' со клиентите, како и со партнерите кои не се клиенти.
Одржувањето на сексуалното и репродуктивно здравје што подразбира редовни прегледи, контроли и тестирање за ХИВ и СПИ претставува приоритет, истовремено значи дека и обезбедувањето на здравствено осигурување е прво од листата на приоритети во однос на сексуалните работници.

2. Како посебен проблем поврзан со сексуалната работа се наметнува физичкото насилство од страна на клиентите, макроата

и полицијата кон КСР. Физичкото насилство од страна на клиентите негативно се одразува на две нивоа:

- преку стварање несигурна и небезбедна околина за работа, стварање чувство на постојан страв од насилство, ниска самодоверба и самопочит, инфериорност, пониженост и потиштеност што може да води кон други облици на ризично однесување: употреба на алкохол, дрога, седативи..;
- преку зголемен ризик од инфицирање со ХИВ и други сексуално преносливи инфекции. Прво - сексуалните работници во такви ситуации не можат да преговараат за практикување безбеден секс, второ - насилните клиенти, особено при силување обично не користат кондоми, и трето - насилниот секс, особено групните силувања оставаат повреди и рани кои се директен влез за вирусните инфекции;

Интервјуата со сексуалните работници, како и секојдневното набљудување на терен, потврдија дека истите континуирано трпат физичко насилство од страна на нивните партнери/заштитници. Меѓутоа најголем дел од нив наоѓаат оправдување за тоа насилство барајќи ја вината кај себе, тврдејќи дека самите тоа го заслужуваат, или гледаат на истото како на брачна кавга, односно вообичаена појава во секоја врска/заедница каде „мажот го води главниот збор”. Традицијата, нерамноправната и наметната улога на жената во семејството која сеуште е присутна во многу заедници во Македонија, семејното физичко или психичко насилство како дел од таа традиција, е можеби дополнително оптоварено со суштината на дејноста што ја вршат го наоѓаме и меѓу сексуалните работници.

3. Полицијата претставува најголем авторитет и извор на страв за сексуалните работници на улица, многу поголем од стравот од клиентите или макроата од кои трпат континуирано насилство. Тоа секако може да се објасни со фактот дека сексуалната работа претставува нелегална активност односно прекршок, за што се свесни, но секако се должи и на искуствата кои ги имале со припадници на полицијата.

Недореченостите и празнините во законската регулатива за сексуална работа во Македонија, поткрепено со личните предрасуди и дискриминацијата на кон сексуалните работници доведуваат до користење на репресивни мерки од страна на полицијата и грубо кршење на основните човекови права

загарантирани во Уставот на Р. Македонија - право на еднаквост и еднаков третман пред законите, забрана на дискриминација, забрана за нечовечко, понижувачко и деградирачко однесување и третман.

4. Употребата на дроги често е клучен фактор за започнување на давање на сексуални услуги, генерира зголемен ризик и директни последици по здравјето на КСР. Главните ризици се однесуваат на практикување на ризично однесување поврзано со инјектирањето на дроги одн. купување на веќе подготвена (скувана) доза во шприц, употреба на веќе употребен прибор за инјектирање, инјектирање на дрогата во високоризични регии (препони, врат) итн., како и намалената способност и мотивација за успешно преговарање на безбеден секс со клиентите и останатите партнери (овде особен акцент е ставен на лицата од кои КСР набавуваат дрога).

КСР кои користат хероин покажуваат ниско ниво на заинтересираност и мотивираност за вклучување во некои од постоечките програми за третман на хероинска зависност.

5. Традиционално, околината има негативна перцепција кон сексуалната работа како неморална појава и сексуалните работнички имаат многу низок општествен статус што се одразува на нивниот секојдневен живот.

Отфрлањето и избегнувањето од семејството и пријателите, изнајмувањето на стан или соба за живеење, пронаоѓањето на друга работа надвор од сексуалната работа, воспоставувањето на интимни и семејни врски би можело да биде проблем доколку околината знае дека заинтересираната страна се занимава или се занимавала со сексуална работа.

Стравувајќи од наведеното, најголем дел од сексуалните работници живеат двоен живот во два различни света: светот каде продаваат секс, и личниот/приватниот свет. Трудејќи се да опстанат и во двата света подеднакво, истовремено внимавајќи да ги држат одвоено, трпат континуиран психички стрес кој покрај задравствените последици повторно се јавува како фактор за појава и на други облици на ризично, но и општествено неприфатливо однесување: зголемена употреба на алкохол, седативи или други видови на психотропни супстанци.

6. Сексуалните работници претставуваат група која заради природата и условите на својата работа, а особено предрасудите поврзани со истата директно подложат на еден од најголемите современи проблеми - на модерното ропство на денешницата како уште се нарекува трговијата со луѓе.

Трговијата со луѓе е комплексен меѓународен проблем кој потекнува од други тешки проблеми поврзани со процесите на транзиција, сиромаштија, конфликтни или постконфликтни периоди во земјата, корупција, недостиг на можности при што секој сонува и се надева на подобра иднина каде визијата за градот во однос на селото, и уште повеќе визијата за „запад" како еднаква можност за секого доведува до ранливост и подложеност на лажни ветувања и манипулации кои не ретко можат да доведат до тргување со цел експлоатирање.

На голем број од испитаничките им била понудена работа во илегални куќи/локали. Дел од нив не ги прифатиле понудите, стравувајќи од тоа што може таму да се случи, што потврдува дека меѓу нив кружат информации за принудите и малтретирањата со кои можат да бидат соочени, иако истото сеуште не можат да го дефинираат како трговија со луѓе. Интервјуата не покажуваат дали вакавите информации се резултат на лични сведоштва на познати лица или се сретнати во медиуми и други извори. Притоа, зборувајќи за престојот во илегални бордели во Македонија, се соочивме со директно сведоштво на жртва на внатрешна трговија со луѓе, што за жал, ги оправда наште сомневања дека сексуалните работници се ранлива група во однос на тргување.

Тргнувајќи од горенаведеното, се наметнува заклучокот дека стратешкиот пристап за ефективна надградба на постоечките програми за помош и поддршка на комерцијалните сексуални работници треба да ги инкорпорира следниве клучни интервенции кои се однесуваат на „ситуациите и структурите'' кои влијаат на зголемената вулнерабилност и го ограничуваат правото на КСР да живеат и работат безбедно и сигурно:

- Градење на политика, законска рамка и интервенции кои ќе имаат за цел да ја направат работата на КСР побезбедна и посигурна;

- Градење на стратегии за намалување на насилството кон КСР
- Подобрување на соработката со здравствените и социјалните сервиси, како и со другите релевантни фактори;
- Обезбедување на лесен и оддржлив пристап до превентивни средства како кондоми, лубриканти итн.
- Подобрување на здравствената, социјалната и правната заштита на КСР.

# 10. Користена литература


“Making sex work safe”, NSWP, 1999

Закон за прекршоци на Р.М, 1884

Кривичен закон на Р.М, 1996

“Проституцијата во Македонија”, Републички завод за унапредување на социјални дејности - Скопје, 1996, Скопје

“Redefining Prostitution as Sex work on the International agenda”, Jo Bindman, Anti-slavery International, 1997

“Sex work and HIV/AIDS”, UNAIDS, 2002

“Трговијата со луѓе во Југоисточна Европа”, УНИЦЕФ, УНОХЦР, ОБСЕ и ОДИХР, 2003

‘’Sex workers-part of the solution’’ - Cheryl Overs. 2002